**У С Т А В Е Н  С У Д**
**НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

# П Р Е Г Л Е Д
**на работата на Уставниот суд на Република Северна Македонија за 2023 година**

**Скопје, април 2024 година**

## СОДРЖИНА

**I. ВОВЕД** ... 3

**II. ПОДАТОЦИ ЗА ВКУПНИОТ БРОЈ ПРЕДМЕТИ И ВИДОВИ АКТИ НА СУДОТ СО КОИ СЕ РЕШЕНИ ПРЕДМЕТИТЕ** ... 4

**II.1. Примени иницијативи и други поднесоци по кои се оформени предмети** ... 4

**II.2. Решени предмети** ... 7

А. Решени предмети во кои биле оспорени закони или одредби од закони ... 8
Б. Решени предмети во кои биле оспорени прописи и други општи акти ... 8
В. Решени предмети за заштита на човековите слободи и права ... 9
Г. Решени предмети за судир на надлежност ... 10

**II.3. Нерешени предмети** ... 10

**II.4. Траење на постапката пред Уставниот суд** ... 11

**III. АНАЛИЗА НА СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ** ... 11

**IV. СТАВОВИ НА СУДОТ ЗАЗЕМЕНИ ПРИ ОДЛУЧУВАЊЕТО** ... 15

**1. Интервентни одлуки на Судот** ... 15

1.1. Одлуки за укинување на закони ... 15
1.2. Одлуки за укинување и поништување на други прописи и општи акти ... 19

**2. Решенија за неповедување постапка** ... 24

**3. Барања за заштита на слободи и права** ... 30

**4. Предлози за решавање судир на надлежност** ... 36

**5. Издвоени мислења** ... 37

**V. ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА НА СУДОТ** ... 38

А. Активна транспарентност на Судот ... 38
Б. Активности за зголемување на транспарентноста на Уставниот суд ... 38

**VI. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА** ... 52

**VII. ДРУГИ АКТИВНОСТИ НА СУДОТ - СОРАБОТКА СО ДРУГИ ДРЖАВНИ ОРГАНИ, УСТАНОВИ И ОРГАНИЗАЦИИ** ... 55

**VIII. ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТАТА НА СУДОТ И СТРУЧНА СЛУЖБА** ... 59

**IX. МАТЕРИЈАЛНИ УСЛОВИ ЗА РАБОТА** ... 62

## I. ВОВЕД

Уставниот суд на Република Северна Македонија во периодот од 1 јануари 2023 година заклучно со 31 декември 2023 година, во рамки на остварувањето на своите уставни надлежности, одржа 46 седници и 15 работни состаноци.

Функционирањето на Судот се одвиваше врз основа на Програмата и распоред за работа на Уставниот суд на Република Северна Македонија за 2023 година којашто беше донесена на 17 јануари 2023 година, врз основа на член 89 алинеја 2 од Деловникот.

Со оваа програма и распоред беа утврдени целите кои требаше да ги оствари Уставниот суд во текот на 2023 година, а кои произлегуваат од неговата уставна улога, активностите кои требаше да се преземат за остварување на поставените цели и индикаторите за следењето на нивното исполнување, носителите на тие активности, временската рамка за спроведување на истите и на крајот, следењето и известувањето за остварувањето на поставените цели.

Собранието на Република Северна Македонија на 10 април 2023 година ја избра Елизабета Дуковска за судија на Уставниот суд на Република Северна Македонија, а на 12 декември ја избра д-р Јадранка Дабовиќ-Анастасовска за судија на Уставниот суд.

## II. ПОДАТОЦИ ЗА ВКУПНИОТ БРОЈ ПРЕДМЕТИ И ВИДОВИ АКТИ НА СУДОТ СО КОИ СЕ РЕШЕНИ ПРЕДМЕТИТЕ

Во периодот од 1 јануари 2023 заклучно со 31 декември 2023 година, Судот постапуваше по вкупно **359** предмети. Од нив, **210 предмети беа оформени** во текот на 2023 година, а **149** беа пренесени како **незавршени** од претходните години. Од вкупниот број предмети во работа во текот на годината беа **завршени 185 предмети**, а останаа **незавршени 174 предмети.**

### II.1. ПРИМЕНИ ИНИЦИЈАТИВИ И ДРУГИ ПОДНЕСОЦИ ПО КОИ СЕ ОФОРМЕНИ ПРЕДМЕТИ

***Оформени предмети според подносителите на иницијативите***

| ***Подносители на иницијативи*** | ***Број на предмети*** |
|---|---|
| Граѓани | 127 |
| Политички партии | 7 |
| Министерства | 12 |
| Претпријатија и други организации и заедници | 15 |
| Органи на единиците на локална самоуправа | 15 |
| Здруженија на граѓани | 18 |
| Други органи | 11 |
| **ВКУПНО** | **205** |

- *Уставниот суд по сопствена иницијатива оформи **5 предмети**.*
- ***Вкупен број на оформени предмети - 210***

**Подносители на иницијативи**



***Оформени предмети според видот на оспорениот акт***

| *Вид на оспорен акт* | *број на предмети* |
|---|---|
| Закони или одредби од закони | 101 |
| Статути или одредби од статути | 9 |
| Колективни договори или одредби од колективни договори | 3 |
| Прописи на министерствата | 26 |
| Акти на единиците на локална самоуправа | 34 |
| Поединечни акти (заштита на слободи и права) | 7 |
| Акти на претпријатија | 2 |
| Акти на јавни служби | 16 |
| Преиспитување на одлуки и решенија на Уставниот суд | 2 |
| Судир на надлежност | 2 |
| Други акти | 8 |
| **ВКУПНО** | **210** |



***Оформени предмети според видот на надлежноста на Судот и според правната област на оспорениот акт***

| ***Вид на надлежност на Уставниот суд*** | *број на предмети* |
|---|---|
| **I. Оценка на уставност и законитост (по области)** | **201** |
| 1. Одбрана, безбедност и внатрешни работи | 8 |
| 2. Надворешни работи | / |
| 3. Финансии, даноци и други јавни давачки и надоместоци | 48 |
| 4. Стопанство | 13 |
| 5. Јавни претпријатија, јавни установи, институции што вршат јавни овластувања | 3 |
| 6. Организација и работа на органите на државната власт: (Собрание на Република Северна Македонија, Претседател на Република Северна Македонија, Влада на Република Северна Македонија и државна управа, правосуден систем (судови, Судски совет на Република Северна Македонија, Јавно обвинителство, Државно правобранителство, адвокатура, нотаријат, извршители, медијатори) и Народен правобранител | 40 |
| 7. Избори, референдум, политички партии, здруженија на граѓани и фондации, јавни собири | 4 |
| 8. Верски права и слободи | / |
| 9. Права на странците | / |
| 10. Имотно-правни односи | 3 |
| 11. Урбанизам и градежништво | 16 |
| 12. Сообраќај и врски | 1 |
| 13. Животна средина | 5 |
| 14. Работни односи | 15 |
| 15. Пензиско и инвалидско осигурување | 3 |
| 16. Социјална и здравствена заштита | 8 |
| 17. Односи во бракот и семејството | / |
| 18. Образование, наука и култура | 3 |
| 19. Јавно информирање | / |
| 20. Локална самоуправа | 21 |
| 21. Комунални дејности | 4 |
| 22. Останато | 6 |
| **II. Барања за заштита на слободи и права** | **7** |
| **III. Судир на надлежност** | **2** |
| **IV. Одговорност на претседателот на Републиката** | **/** |
| **V. Одлучување за уставноста на програмите и статутите на политичките партии и здруженија на граѓани** | **/** |
| **VI. Други надлежности на Уставниот суд** | **/** |

**ВКУПНО** **210**

## II.2. РЕШЕНИ ПРЕДМЕТИ

**Во текот на 2023 година беа решени вкупно 185 предмети од кои:**

- 87 предмети од 2023 година
- 62 предмети од 2022 година
- 10 предмети од 2021 година
- 17 предмети од 2020 година
- 8 предмети од 2019 година
- 1 предмет од 2018 година

***Решени предмети според видот на актот на Судот со кои е завршена постапката***

| *Вид на акт со кој е завршена постапката* | *број на предмети* |
|---|---|
| Одлука за укинување | 20 |
| Одлука за поништување | 4 |
| Одлука за одбивање | 6 |
| Одлука за утврдување | 2 |
| Решение за неповедување постапка | 65 |
| Решение за отфрлање на иницијатива/барање/судир на надлежност | 84 |
| Решение за запирање на постапката | 3 |
| Административно завршен | 2 |
| **ВКУПНО** | **186*** |

* По предметот У.бр.81/2023, Судот донесе укинувачка одлука во еден дел и решение за неповедување постапка во друг дел од иницијативата. Од тие причини, за еден предмет, Судот донесе два акти со кои е завршена постапката по овој предмет.



***А. Решени предмети во кои биле оспорени закони или одредби од закони:***

| *Вид на акт со кој е завршена постапката* | *број на предмети* |
|---|---|
| Одлука за укинување | 9 |
| Одлука за поништување | / |
| Решение за неповедување постапка | 35 |
| Решение за отфрлање иницијатива | 40 |
| Решение за запирање постапка | 1 |
| Предмети завршени со припојување | 11 |
| Административно завршени | 2 |
| **ВКУПНО** | **98** |




***Б. Решени предмети во кои биле оспорени прописи и други општи акти:***

| ***Вид на оспорен акт*** | *број на предмети* |
|---|---|
| Статути | 6 |
| Колективни договори | 3 |
| Правилници | 17 |
| Акти на единиците на локална самоуправа | 21 |
| Одлуки и решенија на Уставен суд (преиспитување) | 2 |
| Упатства | 5 |
| Други акти (одлуки, деловници, решенија, тарифи и сл.) | 17 |
| **ВКУПНО** | **71** |

| *Начин на кој е завршена постапката* | *број на предмети* |
|---|---|
| Одлука за укинување | 11 |
| Одлука за поништување | 4 |
| Решение за неповедување постапка | 19 |
| Решение за отфрлање иницијатива | 30 |
| Решение за запирање постапка | 2 |
| Предмети завршени со припојување | 2 |
| **ВКУПНО** | **71** |




***В. Решени предмети за заштита на човековите слободи и права:***

| *Начин на кој е завршена постапката* | *број на предмети* |
|---|---|
| Одлука за утврдување | 1 |
| Одлука за одбивање | 6 |
| Решение за отфрлање на барањето | 8 |
| **ВКУПНО** | **15** |

| ***Заштита на слободи и права кои се однесуваат на***: | *број на предмети* |
|---|---|
| Слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата | 5 |
| Забрана на дискриминација (по пол, социјална и политичка припадност) | 10 |
| **ВКУПНО** | **15** |

**Вид на акт со кој е завршена постапката**




### *Г. Решени предмети за решавање судир на надлежност*

| ***Начин на кој е завршена постапката*** | *број на предмети* |
|---|---|
| Одлука за утврдување | 1 |
| Решение за отфрлање на предлогот | 1 |
| **ВКУПНО** | **2** |

## II.3. НЕРЕШЕНИ ПРЕДМЕТИ

***Вкупниот број на нерешени предмети, заклучно со 31.12.2023 година е 174.***

| **Година** | **Вкупен број на нерешени предмети** | Апстрактна контрола | Барања за заштита на слободи и права |
|---|---|---|---|
| 2017 | 1 | 1 | / |
| 2019 | 14 | 13[1] | 1 |
| 2020 | 2 | 2 | / |
| 2021 | 10 | 10 | / |
| 2022 | 24 | 23 | 1 |
| 2023 | 123 | 120 | 3 |
| **Вкупно** | **174** | **169** | **5** |

Од вкупниот број на нерешени предмети, 140 се во претходна постапка, додека останатите се нерешени поради недобиено мнозинство (14), одложени (5) или во фаза на поведена постапка за оценување уставност, односно уставност и законитост (15).

[1] Од нерешените предмети од 2019 година коишто се однесуваат на апстрактна контрола на нормативни акти, во 13 предмети е оспорен Законот за употреба на јазиците.

## II.4. ТРАЕЊЕ НА ПОСТАПКИТЕ ПРЕД УСТАВНИОТ СУД

Просечно траење на постапка по предмети за кои се донесени конечни акти на Уставниот суд (одлуки или решенија), сметано од денот на оформување на предметот, па сè до окончувањето на постапката:

| Оформени предмети | Вкупен просек | Апстрактна контрола | Слободи и права | Одлуки | Најкраток период | Најдолг период |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **2023** | 5 месеци | 5 месеци | 4 месеци | 4 и пол месеци | 1 месец и 9 дена | 8 месеци и 27 дена |
| **2022** | 8 и пол месеци | 9 месеци | 6 месеци | 9 месеци | 27 дена | 14 месеци и 26 дена |
| **2021** | 10 и пол месеци | 10 и пол месеци | 11 месеци | 14 месеци | 1 месец и 20 дена | 28 месеци и 9 дена |
| **2020** | 7 месеци | 7 месеци | 13 месеци | 10 месеци | 13 дена | 43 месеци и 21 ден |
| **2019** | 12 месеци | 11 месеци | 14 месеци | 12 месеци | 27 дена | 58 месеци |
| **2018** | 8 месеци | 8 месеци | 8 и пол месеци | 8 и пол месеци | 1 месец | 64 месеци и 7 дена |

## III. АНАЛИЗА НА СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ

Анализата на вкупните податоци покажува дека вкупниот број на оформени предмети во текот на 2023 година – 210, споредено со минатата 2022 година кога биле оформени 137 предмети, е зголемен, односно оформени се 73 предмети повеќе (зголемен за околу 53%).

Во текот на 2023 година, од вкупно 210 **оформени предмети**, 101 предмет се однесуваат на оценката на согласноста на законите со Уставот (48,1 %), 100 предмети се однесуваат на оценка на уставноста и законитоста на други прописи и акти (47,62 %), два предмети се однесуваат на решавање судир на надлежност (0,95 %) и поднесени се 7 барања за заштита на слободи и права (3,33 %).

За разлика од претходната 2022 година кога бројот на оформени предмети коишто се однесуваат на оценката на согласноста на законите со Уставот бил 69, во 2023 година овој број е зголемен на 101 (за околу 46,4%), зголемен е и бројот на оформени предмети коишто се однесуваат на оценката на уставноста и законитоста на другите прописи и акти за околу 66,7% (100) споредбено со 2022 година кога биле оформени 60 предмети. Бројот на примените барања за заштита на слободи и права е ист со минатата 2022 година – 7 барања.

Од вкупниот број на **решени предмети** во 2023 година – 185, во поголем дел беа оспорени закони или одделни законски одредби – 98 (53%), во 71 предмет беа оспорени прописи и други општи акти (38%), 15 предмети беа барања за заштита на слободи и права (8%) од вкупниот број решени предмети и 2 предмети се однесуваа на барања за решавање судир на надлежност (1%).

Судот ја оценуваше уставноста на вкупно 58 закони или одделни законски одредби од кои најчесто предмет на оспорување беа: Законот за јавното обвинителство којшто беше оспорен во 4 предмети, Законот за плата и другите надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија оспорен во 3 предмети, Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија оспорен во 3 предмети, Законот за градење во 3 предмети, Изборниот законик во 3 предмети, Законот за даночната постапка во 3 предмети, Законот за здруженија и фондации во 3 предмети, Законот за кривичната постапка во 3 предмети, Законот за пензиско и инвалидско осигурување и Законот за стечај во 3 предмети.

***Табеларен приказ на вкупно оформени и решени предмети пред Уставниот суд во периодот од 2019 -2023 година***

| Година | Оформени предмети | Решени предмети |
|---|---|---|
| **2019** | 167 | 114 |
| **2020** | 324 | 278 |
| **2021** | 148 | 174 |
| **2022** | 137 | 131 |
| **2023** | 210 | 185 |
| **Вкупно** | **986** | **882** |

Од приложената статистика за пет години, **бројот на оформени предмети** во 2023 година (210) споредбено со 2022 година е зголемен за околу 53%, за 42% зголемен во однос на оформените предмети во 2021 година, зголемен за 26% во однос на оформените предмети во 2019 година, а намален за околу 35% во однос на оформените предмети во 2020 година (324 предмети) кога имаше значителен број на оформени предмети во кои беа оспорени уредбите со законска сила донесени за време на траењето на вонредната состојба.

Во однос на **решените предмети**, во 2023 година овој број е за околу 42% зголемен во однос на решените предмети во 2022 година, за 6,4% зголемен во однос на решените предмети во 2021 година, за 33,4% намален во однос на решените предмети во 2020 година и за околу 62% зголемен во однос на предметите решени во 2019 година.

Бројот на донесени одлуки (укинувачки/поништувачки) во текот на 2023 година - 24 одлуки е зголемен за три пати во однос на 2022 година кога биле донесени 8 одлуки и во однос на 2021 година кога биле донесени 9 одлуки, за 20% зголемен во однос на 2020 година кога биле донесени 20 одлуки и тројно зголемен во однос на 2019 година кога биле донесени 8 одлуки.

### ***Табеларен приказ на одлуки***

| Година | Одлуки | | | Закони | Други прописи и акти |
|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | Укинувачки | Поништувачки | | |
| **2023** | **24** | 20 | 4 | 9 | 15 |
| **2022** | **8** | 8 | / | 2 | 6 |
| **2021** | **9** | 9 | / | 5 | 4 |
| **2020** | **20** | 10 | 10 | 3 | 17 |
| **2019** | **8** | 8 | / | 3 | 5 |

Бројот на донесени **решенија за неповедување постапка** – 65 е за еден предмет намален во однос на 2022 година кога биле донесени 64 решенија за неповедување постапка, а намален за околу 20% во однос на 2021 година кога биле донесени 81 решенија за неповедување постапка, а намален за 54,5 % во однос на 2020 година кога биле донесени 143 решенија за неповедување постапка, за зголемен за 62,5% во однос на 2019 година кога биле донесени 40 решенија.

Бројот на донесени **решенија за отфрлање на иницијативите** во 2023 година – 84 е за 91 % зголемен во однос на 2022 година кога биле донесени 44 решенија, за 13,6% во однос на 2021 година кога биле донесени 74 решенија, намален за околу 6% во однос на 2020 година – 89 решенија и зголемен за 40% во однос на 2019 година кога биле донесени 60 решенија за отфрлање на иницијативите.

### ***Барања за заштита на човекови слободи и права***

Во текот на 2023 година до Судот беа поднесени 7 барања за заштита на слободи и права врз основа на член 110 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија, како и во 2022 година.

Бројот на **примените** барања за заштита на слободи и права во 2023 година е намален во однос на 2021 година кога биле поднесени 12 барања, во однос на 2020 година кога биле поднесени 18 барања, како и во однос на 2019 година кога биле поднесени 19 барања.

Од вкупниот број **решени** предмети за заштита на човековите слободи и права (15), Судот донесе една утврдувачка одлука со која Судот утврди повреда на слободите и правата на кои се повикува подносителот на барањето, шест (6) одлуки со кои беа одбиени барањата на подносителите и 8 решенија со кои беа отфрлени барањата за заштита на човековите слободи и права.

| Година | Број на примени барања | Број на решени барања |
|---|---|---|
| **2023** | 7 | 15 |
| **2022** | 7 | 9 |
| **2021** | 12 | 14 |
| **2020** | 18 | 16 |
| **2019** | 19 | 8 |

***Табеларен приказ на начинот на кој е завршена постапката по барањата за заштита на човековите слободи и права пред Уставниот суд, во периодот 2019 -2023 година***

| Година | Решени | Одлуки | | Решенија | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | се одбива | се утврдува | се отфрла барањето | Административно решени |
| **2019** | 8 | 1 | 1 | 6 | / |
| **2020** | 16 | 5 | 1 | 10 | / |
| **2021** | 14 | 1 | / | 13 | / |
| **2022** | 9 | 4 | / | 4 | 1 |
| **2023** | 15 | 6 | 1 | 8 | / |
| **Вкупно** | **62** | **17** | **3** | **41** | **1** |

Од анализата на статистичките податоци за начинот на кој е завршена постапката по поднесените барања за заштита на човековите слободи и права, од 2023 година со споредбените пет години претходно од 2019 до 2023 година, од вкупниот број на решени предмети по барањата за заштита на човековите слободи и права, во најголем дел барањата беа отфрлени.

## IV. СТАВОВИ НА СУДОТ ЗАЗЕМЕНИ ПРИ ОДЛУЧУВАЊЕТО

### 1. ИНТЕРВЕНТНИ ОДЛУКИ НА СУДОТ[2]

Во периодот од 1 јануари до 31 декември 2023 година, како што е веќе истакнато, Судот со одлука за укинување или поништување на закони и други прописи заврши вкупно **24 предмети**.

### 1.1. Одлуки за укинување закони

Судот интервенираше во повеќе **закони** од различни области и тоа:

**1.** Уставниот суд со Одлуката У.бр.8/2022 од 1 март 2023 година, го укина член 22 од Законот за плата и другите надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија („Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“ бр. 36/1990 и „Службен весник на Република Македонија“ бр.38/1991, 23/1997, 37/2005, 84/2005, 121/2007, 161/2008, 92/2009, 42/2010, 97/2010, 162/2010, 11/2012, 145/2012, 170/2013, 139/2014 и 233/2018).

СЕНТЕНЦА: *Предвидениот паричен надоместок за избрани и именувани лица кои ќе поднесат оставка или пак ќе бидат разрешени од должност пред истекот на мандатот од оспорениот член од Законот за исплата на платите на избрани и именувани лица во Република Македонија нема своја уставна оправданост ако се има предвид дека до оставка или пак до разрешување доаѓа заради некаков вид на одговорност поврзана со вршење на доверената функција од каде оставката и разрешувањето и добивањето на паричен надоместок за вакви случаи се меѓусебно неспојливи. Оттаму, определбата на законодавецот да го уредува статусот на вршителите на јавните функции на начин како во оспорената одредба не е во согласност со определбата на уставотворецот за владеење на правото.*

**2.** Уставниот суд со Одлуката У.бр.233/2020 од 7 март 2023 година, го укина член 8 став 3 во делот „кои се избрани од страна на Собранието на Република Северна Македонија“ од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 102/2019).

СЕНТЕНЦА: *Со оспорениот дел од Законот се повредува уставното начело на владеење на правото што е темелна вредност на уставниот поредок на Република Северна Македонија од причина што изборот на претседател и негов заменик во Советот е ограничен само на членовите на Советот избрани од Собранието, а додека останатите*

[2] Во овој дел на прегледот се дадени сентенци од сите интервентни (укинувачки и поништувачки) одлуки, коишто се однесуваат и на законите и на подзаконските акти, донесени во текот на 2023 година, при што редоследот е хронолошки, односно според времето на донесувањето на одлуката.

*членови со право на глас со законското решение немаат право да бидат избрани на функциите-претседател и негов заменик во Советот, што претставува различно третирање на членовите во Советот со право на глас, без постоење уставен основ. Повредена е и поделбата на државната власт на законодавна, извршна и судска власт како темелна вредност на уставниот поредок на начин што со оспорената одредба се оневозможува изборот на членовите од редот на судиите како претставници на судската власт. Со ваквото решение, законодавната власт ја ограничува судската преку своите претставници, рамноправно со другите членови на Советот избрани од страна на Собранието, да може да учествуваат во раководењето на овој орган, иако според Амандманот XXVIII на Уставот, овие избрани членови се уставноправно еднакви.*

**3.** Уставниот суд со Одлуката У.бр.113/2022 од 21 март 2023 година, го укина член 4 од Законот за изменување и дополнување на Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.97/2010) и член 1 од Законот за изменување на Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.139/2014).

СЕНТЕНЦА: *Истовременото постоење на две одредби за определување на основицата за пресметување на плата на избрани и именувани лица (едната во член 11 од Законот, според која основицата се определува според просечната плата остварена во претходната година што ја утврдува Државниот завод за статистика и другата, во оспорената одредба од член 4 од Законот за изменување и дополнување на Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.97/2010) во која основицата е утврдена во фиксен износ од 25.726 денари), претставува неконзистентност во законското уредување на оваа материја што ја прави нормата нејасна и непрецизна и спротивна на принципот на владеењето на правото како темелна вредност на уставниот поредок од член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот. Таквиот пристап при уредувањето на прашањето за пресметка на основицата на плата на избраните и именуваните лица го доведува во прашање и остварувањето на правото на вработените на соодветна заработувачка од член 32 став 3 од Уставот.*

**4.** Уставниот суд со Одлуката У.бр.20/2022 од 5 април 2023 година, ги укина: член 31 став 3 во делот „член 30“; член 59 во делот „Министерство за стопанство“ и член 72 ставови 1 и 2 од Законот за заштита од експлозивни материи („Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“ бр.4/1978, 10/1978-исправка, 51/1988 и 36/1990; „Службен весник на Република Македонија“ бр.12/1993, 66/2007, 84/2008, 135/2011 и 148/2015 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.294/2021).

СЕНТЕНЦА: *Со оспорените одредби од Законот за заштита од експлозивни материи се повредува член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот бидејќи содржат повикување на непостоечка правна норма и на непостоечки орган, а таквиот недостаток доведува до правна забуна во примената на одредбите, како за органот кој го издава одобрението, така и за лицето кое бара вакво одобрение. Предвидувањето со подзаконски пропис, а не со закон, да се определуваат прекршоци и за тие прекршоци од страна на Министерството за економија и Министерството за внатрешни работи да се пропишуваат казни со поблиски прописи не е во согласност со Амандманот XX на Уставот, којшто определил само со закон, но не и со други поблиски прописи да се предвидуваат прекршоци и соодветни санкции.*

**5.** Уставниот суд со Одлуката У.бр.114/2022 од 20 април 2023 година, го укина член 56 став 1 точка 3 од Законот за трговија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 16/2004, 128/2006, 63/2007, 88/2008, 159/2008, 20/2009, 99/2009, 105/2009, 115/2010, 158/2010, 36/2011, 53/2011, 148/2013, 164/2013, 97/2015, 129/2015, 53/2016 и 120/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 77/2021, 215/2021, 295/2021 и 150/2022).

СЕНТЕНЦА: *Со оспорената одредба од Законот за трговија со која се утврдува прекршочна одговорност за постапување, упатува на примена на член 14 став 3 од Законот, која одредба повеќе не е дел од правниот поредок на кој начин се повредува принципот на владеењето на правото утврден во член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот.*

**6.** Уставниот суд со Одлуката У.бр.109/2022 од 23 мај 2023 година, ги укина член 152 став 1 точка 2) во делот „став (4)”, член 154 став 1 точка 2) во делот „став (4)”, член 156 став 1 точка 8) во делот „став (4)” и член 158 став 1 точка 4) во делот „став (4)” од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија”, број 130/2009, 124/2010, 18/2011, 36/2011, 54/2011, 13/2012, 144/2012, 25/2013, 79/2013, 137/2013, 163/2013, 27/2014, 28/2014, 42/2014, 115/2014, 149/2014, 187/2014, 44/2015, 129/2015 (две измени), 217/2015, 226/2015, 30/2016, 31/2016, 39/2016, 71/2016, 132/2016, 35/2018, 64/2018 и 168/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија” број 244/2019, 18/2020, 279/2020 и 227/2022).

СЕНТЕНЦА: *Член од закон којшто упатува на несоодветна (погрешна) норма од истиот закон, е повреда на уставниот принцип на владеење на правото од член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија.*

**7.** Уставниот суд со Одлуката У.бр.86/2021 од 13 септември 2023 година, го укина член 6 став 3 во делот „донесено од стечајниот управник“ од Законот за судските такси („Службен весник на Република Македонија“ број 114/2009, 148/2011, 106/2013, 166/2014 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 257/2020).

СЕНТЕНЦА: *Оспорената законска одредба содржи овластувања на стечајниот управник што не се предвидени со материјалниот закон којшто ги уредува прашањата поврзани со органите на стечајната постапка, поради што во правниот поредок на Република Северна Македонија може да дојде до правна несигурност, нејаснотии и забуни во практикувањето на правото за граѓаните и правните субјекти кои се засегнати со конкретната правна проблематика, како и за органите кои го применуваат овој пропис со што се повредува принципот на владеење на правото како темелна вредност од член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија.*

**8.** Уставниот суд со Одлуката У.бр.64/2021 од 13 септември 2023 година, го укина член 205 од Законот за облигационите односи („Службен весник на Република Македонија" бр.18/2001, 4/2002, 5/2003, 84/2008, 81/2009, 161/2009 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.215/2021 и 154/2023).

СЕНТЕНЦА: *Оспорениот член 205 од Законот за облигационите односи го повредува правото на сопственост на давателите на надоместокот гарантирано со член 30 од Уставот, кои не можат да остварат враќање на неосновано исплатените износи на спротивните страни врз основа на правосилни пресуди што се подоцна преиначени или укинати, но во меѓувреме биле присилно извршени, иако на тоа имаат право според тие пресуди или решенија на Врховниот суд.*
*Законодавецот обезбедил посебна заштита со оспорената законска одредба со која пропишува право за лицата што претрпеле штета во посебни околности да ги задржат неосновано наплатените износи на име на надомест на штета, но истовремено не обезбедил остварување на јавниот интерес преку почитување на законските ефекти и правното дејство на судските одлуки со кои е одлучено за сопственички права и интереси на лицата, особено на одлуките на Врховниот суд, со што е нарушена правната сигурност како елемент на владеењето на правото.*

**9.** Уставниот суд со Одлуката У.бр.81/2023 од 5 декември 2023 година, го укина член 41-а став 1 во делот „јавно" и став 3 во делот „јавното" од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017, 64/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 229/2020).

СЕНТЕНЦА: *Законската одредба на член 41-а став 1 во делот „јавно" и став 3 во делот „јавното" од Законот за средното образование не е во согласност со уставното начело на еднаквост, од причина што допушта нееднаков третман на лицата кои имаат ист, идентичен правен статус, односно*

*статус на редовни ученици во средното образование, што е основ на истите да им се обезбедат еднакви услови во образованието. Не постои уставна можност за различен третман на редовните ученици во средното образование од причини што според член 9 став 2, граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.Со оспорените делови на законската одредба се повредува член 44 став 2 од Уставот каде се предвидува дека образованието е достапно на секого под еднакви услови, бидејќи со ваквото законско уредување, редовните ученици во приватното средно училиште се ставени во нееднаква положба и не им е обезбедено образованието под еднакви услови со другите ученици од средно образование, што е уставно недопуштено.*

## 1.2. Одлуки за укинување и поништување на други прописи и општи акти

Судот во текот на 2023 година интервенираше во повеќе **подзаконски акти** и тоа:

**1.** Уставниот суд со Одлуката У.бр.80/2021 од 25 јануари 2023 година, ја укина Одлуката на Советот на Општина Центар-Скопје за донесување на Детален урбанистички план за градска четврт Ј 07-локалитети Капиштец, Завод за медицинска рехабилитација, Старо Водно, Долно Водно, Мало Курило и Цвеќара со број 07-4414/4 од 18.07.2014 година, објавена во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје” број 9/2014.

СЕНТЕНЦА: *Оспорената одлука не е во согласност со принципот на владеење на правото и истата е донесена спротивно на член 62 став 2 од Законот за локалната самоуправа од причина што при нејзиното донесување не било обезбедено потребното мнозинство од 12 гласа „за”, колку што според Законот за локална самоуправа е потребно за полноважно донесување на прописи, односно одлука за урбанистички план.*

**2.** Уставниот суд со Одлуката У.бр.82/2022 од 7 март 2023 година, ги поништи Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за спроведување и планирање на површини за градење со намена А2 на парцели лоцирани вон централно градско подрачје во граница на градежен реон на град Куманово бр.09-5643/4 од 12.07.2022 година, донесена од Советот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово“ бр.8/2022 од 12 јули 2022) и Заклучокот бр.08-5915/1 од 12 јули 2022 година за објавување на означената одлука донесен од градоначалникот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово“ бр.8/2022 од 12 јули 2022).

СЕНТЕНЦА: *Кога Советот на општината носи Одлука за спроведување и планирање на површини за градење со конкретна намена не постои правен основ за редефинирањето и определувањето на стандарди и нормативи по однос на катноста, процентот на изграденост и искористеност на земјиштето и слично, а имајќи ја предвид уреденоста во*

*Законот за урбанистичко планирање и Законот за градење, како и преодниот режим на Правилникот, кој се однесува само по однос на класификацијата на градбите. Според тоа со Одлуката се прават измени на веќе донесените планови во постапка која не е предвидена со закон и се повредува член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот.*

**3.** Уставниот суд со Одлуката У.бр.23/2022 од 5 април 2023 година, ја укина Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за градска четврт 3 04 блок 04.05. - Општина Карпош, број 09-1656/3 од 3 март 2022 година, донесена на петтата вонредна седница на Советот на Општина Карпош и објавена во „Службен гласник на Општина Карпош" број 4/2022.

СЕНТЕНЦА: *Советот на Општина Карпош го донел оспорениот урбанистички план со кој е дефиниран плански опфат за кој од приложената документација произлегува дека не се однесува за намена на градежно земјиште дефинирана со Генералниот урбанистички план на Град Скопје (2012- 2022). Воедно донесената одлука за оспорениот ДУП не е во согласност со Генералниот урбанистички план на Град Скопје (2012-2022) со што ги руши темелните вредности на кои се заснова уставниот поредок.*

**4.** Уставниот суд со Одлуката У.бр.32/2022 од 6 јуни 2023 година, го укина член 9 став 6 во делот „и лицата ангажирани врз основа на договор за дело и/или авторски договор" од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување („Службен весник на Република Македонија" бр.172/2014 и бр.76/2015).

СЕНТЕНЦА: *Советот на Агенцијата со оспорениот дел од член 9 став 6 од Правилникот, ги пречекорил, односно ги надминал своите надлежности предвидени во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на начин што во оспорената одредба предвидел нова категорија која не влегува во категоријата на вработени лица, што претставува уставна предиспозиција и која како таква воопшто не егзистира во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ниту во Законот за работните односи, и со тоа се повредуваат и уставните одредби од член 8 став 1 алинеја 3 и член 51, како и член 5 од Законот за работните односи.*

**5.** Уставниот суд со Одлуката У.бр.81/2022 од 21 септември 2023 година, ја укина Одлуката за донесување на Регулациски план на Генерален урбанистички план на Град Скопје 2012-2022 за четврт 3 05, бр.27-8039/1 од 23 август 2021 година, донесена од Советот на Град Скопје („Службен гласник на Град Скопје" бр.11/2021 од 24.08.2021 година).

СЕНТЕНЦА: *Со оспорената одлука за донесување на Регулацискиот план, Советот на Град Скопје излегува надвор од своите законски надлежности и сериозно ја нарушил правната сигурност на граѓаните, што не е во согласност со владее-*

*њето на правото. Законската обврска детален урбанистички план да биде усогласен со генерален урбанистички план и регулациски план доколку е донесен, ако истиот се однесува на важечки и во примена детален урбанистички план, би претставувало фактичка суспензија и неможност да се применува деталниот урбанистички план.*

**6.** Уставниот суд со Одлуката У.бр.125/2022 од 27 септември 2023 година го укина член 8 став 4 алинеја 4 од Статутот на Советот за унапредување и надзор над сметководствената професија на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.254/2022).

СЕНТЕНЦА: *Уредувањето во оспорената статутарна одредба дека доколку се присутни четири члена на седницата кои при гласањето ги поделиле гласовите (2:2), за донесена се смета онаа одлука за којашто гласал претседателот на Советот излегува надвор од рамките на, со закон, утврденото мнозинство за донесување одлуки од надлежност на Советот, поради што истата не е во согласност со член 10 став 4 од Законот за вршење на сметководствени работи.*

**7.** Уставниот суд со Одлуката У.бр.31/2023 од 27 септември 2023 година ги поништи членовите 99, 100, 101 и 102 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје" број 8/2005 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода" бр.13/2006, 15/2014 и 7/2019); автентичното толкување на општи и посебни одредби на донесени урбанистички планови и урбанистичко-планска документација, дадено од Советот на Општина Кисела Вода на деветтата пленарна седница одржана на 26.04.2022 година, бр.09-3617/9 од 26.04.2022 година, објавено на 27.05.2022 година во „Службен гласник на Општина Кисела Вода" бр.6/2022 и Решението на градоначалникот на Општина Кисела Вода, број 08-5203/7 од 27.05.2022 година за објава на Автентично толкување по барање број 09-2711/1 од 17.03.2022 година од група граѓани во врска со максималниот број на станбени единици кои може да се изградат во Општина Кисела Вода каде постои намена А1 домување.

СЕНТЕНЦА: *Во ситуација кога Законот за локалната самоуправа, не содржи одредби од кои произлегува надлежност на совет на општина да дава автентично толкување на прописите коишто ги донесува, ниту Законот дава овластување на општините да можат, во своите прописи да предвидат автентично толкување на општи акти, произлегува дека одредбите во Статутот на Општина Кисела Вода, се пропишани без законски основ, следствено како и даденото автентично толкување коешто се темели на тие статутарни одредби. Оттука, оспорените членови од Статутот на Општина Кисела Вода, како и даденото автентично толкување засновано на наведените статутарни одредби, се незаконити, а со тоа и спротивни на темелната вредност на уставниот поредок - начелото на владеење на правото од член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот.*

**8.** Уставниот суд со Одлуката У.бр.89/2023 од 27 септември 2023 година го поништи Упатството за изменување и дополнување на Упатството за начинот на водење, заштита и чување на матичните книги и списи; издавање на изводи, уверенија, преписи и копии врз основа на матичните книги; водење на постапка и составување на записник за најдено дете; обновување на уништени, оштетени или исчезнати матични книги, како и за обрасците на матичните книги, регистарот на матичните книги, изводите и уверенијата што се издаваат врз основа на матичните книги („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.125 од 15.06.2023 година).

СЕНТЕНЦА: *Уставниот рок за објавување на оспорениот акт е пречекорен, со што оспорениот акт не е во согласност со член 8 став 1 алинеја 3, член 51 и член 52 став 2 од Уставот на Република Северна Македонија.*

**9.** Уставниот суд со Одлуката У.бр.25/2023 од 27 септември 2023 година го поништи Правилникот за измени и дополнување на Правилникот за распределба на авторските надоместоци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 281/2022).

СЕНТЕНЦА: *Оспорениот правилник предвидува ретроактивна примена на новиот систем за поентирање на авторските дела, што е спротивно на член 52 став 4 од Уставот, според кој законите и другите прописи не можат да имаат повратно дејство, освен по исклучок, во случаи кога тоа е поповолно за граѓаните, и на кој начин е сторена повреда и на начелото на правната сигурност како елемент на владеењето на правото.*

**10.** Уставниот суд со Одлуката У.бр.108/2023 од 2 ноември 2023 година го укина Правилникот за содржината на студиските програми („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.79/2023).

СЕНТЕНЦА: *Уставниот рок за објавување на оспорениот акт е пречекорен, со што оспорениот акт не е во согласност со член 8 став 1 алинеја 3, член 51 и член 52 став 2 од Уставот на Република Северна Македонија.*

**11.** Уставниот суд со Одлуката У.бр.106/2023 од 14 ноември 2023 година го укина Правилникот за изменување на Правилникот за содржината и начинот на подготовката на актите, за внатрешна организација и систематизација на работните места, како и содржината на функционалната анализа на институциите на јавниот сектор („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.259/2022).

СЕНТЕНЦА: *Во оспорениот правилник, не е наведен денот на неговото донесување, што како дејствие секогаш следи и е условено со претходно донесување на прописот. Пречекорен е уставно пропишаниот рок од седум дена за објавување на оспорениот правилник во „Службен весник на Република Северна Македонија“, со што истиот не е во согласност со член 52 став 2 од Уставот на Република Северна Македонија.*

**12.** Уставниот суд со Одлуката У.бр.144/2023 од 14 ноември 2023 година го укина Правилникот за начинот на вршење на стручната оцена (ревизија) на рударските проекти, донесен од министерот за економија („Службен весник на Република Северна Македонија” број 287/2022).

СЕНТЕНЦА: *Од донесувањето на Правилникот, до денот на неговото објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија” се изминати повеќе од седум дена, односно надвор од предвидениот рок од член 52 став 2 од Уставот со кој е утврден временскиот период во кој законите и другите прописи треба да бидат објавени по нивното донесување, со што е доведен во прашање уставниот принцип на владеење на правото од член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот и правната сигурност на граѓаните како негов составен дел.*

**13.** Уставниот суд со Одлуката У.бр.100/2023 од 5 декември 2023 година го укина Правилникот за висината на трошоците во постапката за издавање на дозвола за користење простор, дозвола за ограничено користење на ГМО класа 2 или дозвола за ограничено користење на ГМО класа 3 и/или класа 4 („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.3/2023).

СЕНТЕНЦА: *Пречекорен е уставно пропишаниот рок од седум дена за објавување на оспорениот правилник во „Службен весник на Република Северна Македонија“, со што истиот не е во согласност со член 8 став 1 алинеја 3, член 51 и член 52 став 2 од Уставот на Република Северна Македонија.*

**14.** Уставниот суд со Одлуката У.бр.103/2023 од 5 декември 2023 година го укина Решението бр.13.1.1-38779/1 од 7 април 2023 година за изменување и дополнување на Решението за цените на обрасците што ги издава Министерството за внатрешни работи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.82/2023 од 18 април 2023 година), донесено од министерот за внатрешни работи.

СЕНТЕНЦА: *Објавувањето на подзаконскиот акт по истекот на седум дена од неговото донесување во „Службен весник на Република Северна Македонија” преставува повреда на член 52 став 2 од Уставот.*

**15.** Уставниот суд со Одлуката У.бр.150/2023 од 20 декември 2023 година го укина Правилникот за количини на семенски и саден материјал од сорти на земјоделски растенија кои не ги исполнуваат условите за трговија, а се наменети за научни цели, селекција, официјално испитување или за инспекциски надзор заведен под бр.110-46/3 од 11 април 2023 година, објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.84 од 20.04.2023 година.

СЕНТЕНЦА: *Пречекорен е уставно пропишаниот рок предвиден во член 52 од Уставот за објавување на оспорениот правилник, поради што истиот не е во согласност со член 8 став 1 алинеја 3, член 51 и член 52 став 2 од Уставот.*

## 2. РЕШЕНИЈА ЗА НЕПОВЕДУВАЊЕ ПОСТАПКА

Во текот на 2023 година Уставниот суд со решение за неповедување постапка за оценување на уставноста на закони, односно уставноста и законитоста на подзаконски акти заврши **65 предмети**.

Од овие предмети, како покарактеристични ги издвојуваме следниве:

**1.** Уставниот суд со Решението У.бр.55/2022 од 18 јануари 2023 година, не поведе постапка за оценување на уставноста на член 3 од Законот за изменување на Законот за административни службеници („Службен весник на Република Северна Македонија” број 99/2022).

> СЕНТЕНЦА: *Со уредувањето во оспорената законска одредба се води сметка за стекнатото право од работен однос за граѓаните, што е во функција на доследно почитување на уставниот принцип на владеење на правото и правната сигурност на граѓаните како негов составен дел. Правото кое е стекнато за време на важење на еден закон не може да биде изменето, ограничено или во целост да биде одземено со подоцнежна измена на законот, а со оспореното законско решение токму се гарантира претходно стекнатото право на вреднување на образованието.*

**2**. Уставниот суд со Решението У.бр.101/2022 од 15 февруари 2023 година, не поведе постапка за оценување на уставноста на член 23 ставови 2, 3 и 4 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.32/2020).

> СЕНТЕНЦА: *Со оспорените одредби од Законот за урбанистичко планирање се пропишува како треба да постапуваат општините по укинување на плановите со што се овозможува општините да ги извршат одлуките на Уставниот суд без да ги повторат пропустите во новата постапка. Оспорените одредби, се во функција на почитување на владеењето на правото и поделбата на власта, бидејќи со нив се овозможува процесот на урбанистичко планирање да се одвива во согласност со јавниот интерес и со почитување на уставното начело на хуманизацијата на просторот, заштитата и унапредувањето на животната средина и на природата како темелна вредност на уставниот поредок на Република Северна Македонија.*

**3.** Уставниот суд со Решението У.бр.22/2020 и У.бр.231/2020 од 10 мај 2023 година, не поведе постапка за оценување на уставноста на член 110 од Законот за Јавното обвинителство („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/2020).

> СЕНТЕНЦА: *Законодавецот јасно, прецизно и недвосмислено ги пропишал начинот на користење и уништување на материјалите и транскриптите од незаконски прислушкуваните материјали, со прецизирање на рокови за уништување на истите,*

*категорично задолжувајќи го Јавното обвинителство што да прави во конкретни започнати и незавршени обвиненија и предмети поврзани со неовластено прислушуваните материјали согласно член 106 став 1 и Амандман XXX точка 1 став 1 на Уставот.*

**4.** Уставниот суд со Решението У.бр.17/2023 од 10 мај 2023 година, не поведе постапка за оценување на уставноста на членовите 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13, 14, 15 и 16 од Законот за трансформација во редовен работен однос („Службен весник на Република Македонија" број 20/2015 и 44/2015).

СЕНТЕНЦА: *Прашањето, во кој закон и на кој начин треба да бидат регулирани одредени односи во правото, е прашање за кое одлучува законодавецот кој согласно неговите уставни овластувања од член 68 став 1 алинеја 2 од Уставот, има право да донесува закони за регулирање на одредени односи во правото, па и со закон да го регулира и прашањето во врска со начинот на ангажирање на лица во институциите врз основа на договор за волонтирање и договор за извршување на физичка и/или интелектуална работа врз основа на договор на дело, истовремено и право истото да го ограничи, а како што е Законот за трансформација во редовен работен однос.*

**5.** Уставниот суд со Решението У.бр.14/2020, У.бр.36/2020 и У.бр. 192/2020 од 23 мај 2023 година, не поведе постапка за оценување на уставноста на Законот за јавното обвинителство („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/2020) во целина и посебно оспорените член 4 став 2 и член 29 ставови 2 и 3 од означениот закон.

СЕНТЕНЦА: *Законот за јавното обвинителство бил донесен во предвидената процедура онака како што бара Амандманот XXX на Уставот, односно со потребното двотретинско мнозинство од кој аспект Уставниот суд има исклучива надлежност да врши уставно-судска оцена.*

**6.** Уставниот суд со Решението У.бр.16/2023 од 31 мај 2023 година, не поведе постапка за оценување на уставноста на член 99 став 5 во делот „правосилни" од Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија" број 58/2006, 62/2006, 35/2008, 150/2010, 83/2018, 198/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 96/2019).

СЕНТЕНЦА: *Оспорената одредба во делот „правосилни" од Законот за судовите е во согласност со Уставот и истата не го ограничува правото на слободен пристап до информации, ниту ја спречува јавноста да добие информации за судските постапки или одлуки. Напротив, преку наведената одредба се афирмира транспарентноста на судскиот систем, од каде пристапот во правосилните судски одлуки за сите заинтересирани лица е слободен.*

**7.** Уставниот суд со Решението У.бр.1/2022 од 5 јули 2023 година, не поведе постапка за оценување на уставноста на членовите 75-ѓ, 76-д, 78 и 78-а од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр.40/2006, 136/2008,148/2008, 155/2008, 163/2008, 44/2011, 51/2011, 142/2012, 31/2013, 34/2013, 14/2014, 30/2014, 196/2015, 35/2016, 97/2016, 99/2016, 136/2016, 142/2016, 67/2017, 125/2017, 35/2018, 99/2018,140/2018, 208/2018 и 27/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.98/2019, 42/2020, 74/2021 и 215/2021).

СЕНТЕНЦА: *Со утврдениот критериум за распределба на рекламниот простор, им се дава можност на сите политички субјекти во Републиката, кои се учесници во изборниот процес да ја запознаат јавноста со нивните ставови и идеи, што се врши соодветно на потребите на гласачкото тело, односно им се дава можност на учесниците во изборната кампања да ги промовираат своите програми, ставови и кандидати, поради што нема повреда на начелото на еднаквост на граѓаните предвиден во член 9 од Уставот, како и слободата на информациите утврдена во член 16 од Уставот.*
*Со утврдување на конкретни критериуми за рекламниот простор на интернет порталите и печатените медиуми за платено политичко рекламирање, со утврдување на различното времетраење на медиумското претставување на политичките партии во зависност од тоа дали се на позиција или опозиција, политичките партии коишто немаат пратеничка група или политички партии коишто не се застапени во Собранието на Република Северна Македонија, не се доведува во прашање начелото на владеењето на правото, како и начелото на еднаквост.*

**8.** Уставниот суд со Решението У.бр.88/2023 од 13 септември 2023 година, не поведе постапка за оценување на уставноста на Законот за продажба на земјоделското земјиште во државна сопственост („Службен весник на Република Македонија" број 87/2013, 106/2013, 137/2013, 61/2015, 97/2015, 215/2015, 53/2016 и 51/2018).

СЕНТЕНЦА: *Неосновани се наводите во иницијативата за спротивноста на целината на Законот за продажба на земјоделското земјиште во државна сопственост со член 56 став 3 од Уставот, посветен на правниот институт отстапување на користење, како составен дел на правото на располагање со одредена ствар. Имајќи ја предвид неоснованоста на тврдењето на подносителот на иницијативата дека Законот за земјоделското земјиште не предвидува можност за продажба на земјоделско земјиште во државна сопственост, пред Судот, не се постави прашањето за согласноста на целината на оспорениот закон со член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот и правната сигурност на граѓаните како негов составен дел.*

**9.** Уставниот суд со Решението У.бр.8/2019, У.бр.16/2019, У.бр.26/2019, У.бр.40/2019 и У.бр.47/2019 од 21 септември 2023 година, не поведе постапка за оценување на уставноста на Законот за ратификација на Конечната спогодба за решавање на разликите опишани во резолуциите 817 (1993) и 848 (1993) на Советот за безбедност на Обединетите нации, за престанување на важноста на Привремената спогодба од 1995 година и за воспоставување на стратешко партнерство меѓу страните („Службен весник на Република Македонија“ бр.7/2019).

СЕНТЕНЦА: *Член 75 став 3 од Уставот предвидел должност за претседателот на Републиката за потпишување указ за прогласување на закон усвоен по втор пат во Собранието со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници. При состојба кога претседателот на Собранието, согласно член 75 став 2 од Уставот, исто така има должност да го потпише указот за прогласување на закон, а недостасува вториот потпис, затоа што претседателот на Републиката одбива тоа да го стори и Уставот не содржи решенија за вака настанатата состојба - нема повреда на уставните одредби, кога конкретниот указ е објавен без вториот потпис.*

**10.** Уставниот суд со Решението У.бр.15/2023 од 2 ноември 2023 година, не поведе постапка за оценување на: уставноста член 107 став 2 од Законот за електронските комуникации („Службен весник на Република Македонија“ бр.39/2014, 188/2014, 44/2015, 193/2015, 11/2018, 21/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/2019, 153/2019, 169/2020 и 92/2021), и уставноста и законитоста на член 13, член 28 ставови 15 и 16, член 29 ставови 13 и 14 и член 29 став 38 во делот „односно за достигнување на вкупен износ од 3000 денари со вклучен ДДВ“ од Правилникот за видот и содржината на податоците и информациите за општите услови во однос на пристапот и користењето на јавните комуникациски услуги кои ги објавуваат операторите и за видот и содржината на податоците што ќе ги објавува Агенцијата за електронски комуникации („Службен весник на Република Македонија“ бр.16/2015, 179/2017, 148/2020, 274/2021 и 30/2022).

СЕНТЕНЦА: *Од содржината на оспорената одредба произлегува дека истата се однесува подеднакво за сите корисници, односно потрошувачи, што значи оспорената одредба не уредува различен третман, поради што нема повреда на член 9 и член 55 од Уставот. Оспореното законско решение, не може уставно да се проблематизира од аспект на еднаквоста на граѓаните пред Уставот и законите, бидејќи одредбата која се оспорува не се однесува на иста категорија на субјекти. Во конкретниот случај, не станува збор за субјекти кои имаат ист правен статус, од причина што операторот е физичко лице кое врши дејност или правно лице кое обезбедува или има намера да обезбедува јавна електронска комуникациска мрежа и/или услуги, врз основа на доставена нотификација и потврда за регистрација од Агенцијата за електронски комуникации. Токму овој факт го чини поинаков статусот на операторот и истиот не може да се поистовети со крајниот корисник или*

*потрошувачот, што следствено и доведува до различен пристап кон договорот и уредување на условите во истиот.*
*Во однос на оспорените членови од Правилникот, истите се во функција на Законот и истовремено се негова операционализација, што значи дека истите се законска доразработка и имаат законски основ, поради што не се во спротивност со член 8 став 1 алинеја 3, член 51 и член 55 од Уставот, како и со одредбите на Законот за електронските комуникации.*

**11.** Уставниот суд со Решението У.бр.2/2023 од 7 март 2023 не поведе постапка за оценување на уставноста на член 12 став 1 алинеја 3, член 12 став 2 во делот „претставници во собранието на АКРСМ", член 14 ставовите 2, 3, 4, 5 и 6, член 15 став 2 во делот „повеќе од 1/3 од претставниците на Собранието или", член 17 и член 36 во делот „од вкупниот број претставници" од Статутот на Адвокатската комора на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.128/ 2019 од 24.06.2019 година).

СЕНТЕНЦА: *Со оспорените одредби од Статутот се регулира начинот на конституирање на највисокиот орган на Комората - Собранието на АКРСМ, а истовремено се дава и можност со понизок акт да се определи под кои услови ќе се уредат правата, должностите и начинот на работа на адвокатските заедници, поради што оспорените одредби се во согласност со владеењето на правото и политичкиот плурализам и слободните непосредни и демократски избори како темелни вредности на Уставот, на член 22 став 2 од Уставот и Законот за адвокатурата.*

**12.** Уставниот суд со Решението У.бр.14/2023 од 6 септември 2023 година, не поведе постапка за оценување на уставноста и законитоста на Тарифата за награда и надоместок на трошоците за работа на адвокатите („Службен весник на Република Македонија" бр.23/1993, 22/2008, 147/2009, 164/2010, 35/2011, 122/2016, 11/2017, 189/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 262/2019, 75/2020 и 41/2023).

СЕНТЕНЦА: *Адвокатурата е самостојна и независна јавна служба што обезбедува правна помош и врши јавни овластувања во согласност со закон и адвокатите се организираат во Адвокатска комора, која е автономна и законски овластена за донесување на актите за работа на Адвокатската комора, меѓу кои и оспорената тарифа. Оттука, неосновани се наводите во иницијативата дека стварно и функционално надлежен за донесување и одобрување на Тарифата е министерот за правда, а не Адвокатската комора, бидејќи тој е одговорен за одливот на парите од буџетот, поради што Судот оцени дека оспорената тарифа не е во спротивност со член 8 став 1 алинеја 3 и член 50 став 2 од Уставот.*
*Наводите на подносителот дека адвокатите наплатуваат високи износи за услугите што ги даваат и истите треба да се намалат за 50%, се неосновани од причина што адвокатот во обезбедувањето на правната помош може да преземе голем*

*број на разновидни дејствија за кои има право на награда и надомест на трошоците за извршената работа во висина определена со Тарифата.*

**13**. Уставниот суд со Решението У.бр.52/2023 од 6 септември 2023 година, не поведе постапка за оценување на уставноста и законитоста на член 276 став 2 од Колективниот договор на Министерството за внатрешни работи („Службен весник на Република Северна Македонија" број 149/2021, 163/2021, 299/2021, 303/2021, 32/2022 и 54/2023).

СЕНТЕНЦА: *Со оспорената одредба останатите регистрирани синдикати во Централниот регистар не се доведени во нееднаква и дискриминирачка положба, затоа што работниците имаат право по свој слободен избор да основаат синдикат и во него да се зачленуваат согласно Законот за работните односи, како и согласно условите пропишани со статутот или правилата на тој синдикат. Оттука, оспорената одредба е во согласност со член 9 и член 37 од Уставот на Република Северна Македонија.*

**14.** Уставниот суд со Решението У.бр.110/2023 од 3 октомври 2023 година, не поведе постапка за оценување на уставноста и законитоста на Одлуката за донесување измени и дополнување на Детален урбанистички план Буњаковец 2, Општина Центар-Скопје, бр,07-9331/10 од 10.12.2012 година, објавена во „Службен гласник на Општина Центар" бр.15/2012.

СЕНТЕНЦА: *Оспорениот ДУП е донесен во согласност со законски пропишаната постапка предвидена со во тоа време важечкиот закон и согласно со Генералниот урбанистички план 2002-2020 што важел во време на неговото донесување, а кој повеќе не е во правна сила. Јасна е интенцијата на законодавецот, урбанистичките планови да бидат во сила до донесување на нови, со што се обезбедува континуитетот во урбанистичкото планирање, како и почитување на темелните вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија. Со ваквата законска поставеност истовремено се обезбедува и почитување на принципот на правната сигурност на граѓаните и правните субјекти кои врз основа на урбанистичките планови користат права, односно стекнуваат права кои произлегуваат од правото на сопственост, што претставува суштинско остварување на фундаменталните принципи кои се составен дел на владеењето на правото и правната заштита на сопственоста како темелни вредности.*
*Неусогласеноста на регулациските линии меѓу генералната и деталната регулација, на што упатува иницијативата, а за која надлежниот орган утврдил дека не претставува доказ за штета за јавниот интерес не го прави оспорениот Детален урбанистички план спротивен на Уставот, Законот за просторно и урбанистичко планирање и Законот за урбанистичко планирање и дека од овие причини наводите во иницијативата се неосновани.*

**15.** Уставниот суд со Решението У.бр.85/2023 од 18 октомври 2023 година, не поведе постапка за оценување на уставноста и законитоста на Одлуката за утврдување на надоместок на штета предизвикана од каснување од бездомни кучиња („Службен гласник на Општина Ресен“ бр.6/2022), донесена од Советот на Општина Ресен.

СЕНТЕНЦА: *Со предвидувањето во оспорената одлука на Општина Ресен на вонсудско спогодување за надомест на штета предизвикана од кучиња скитници помеѓу општината и засегнатиот граѓанин не се повредува уставното начело на владеењето на правото и поделбата на власта од член 8 став 1 алинеи 3 и 4 од Уставот и оспорената одлука е во согласност и со Законот за локалната самоуправа, Законот за комуналните дејности и Законот за заштита и благосостојба на животните.*

## 3. БАРАЊА ЗА ЗАШТИТА НА СЛОБОДИ И ПРАВА

Во текот на 2023 година, до Судот беа поднесени вкупно **7 барања** за заштита на слободи и права врз основа на член 110 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија.

Од поднесените барања за заштита на слободи и права во текот на 2023 година, 4 барања се однесуваат на заштита од дискриминација (по основ на социјална, национална и политичка припадност и по пол), а останатите три барања се однесуваат на заштита на слободата на мислата и јавното изразување на мислата.

Судот, во текот на 2023 година, реши **15 предмети** за заштита на слободите и правата (од кои четири се примени во 2023 година, три во 2022 година, три во 2021 година, четири во 2020 година и едно во 2019 година).

Решените барања за заштита на слободите и правата се однесуваат на заштита од дискриминација врз основа на: социјална и политичка припадност, пол и заштита на слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата.

Од вкупниот број решени барања за заштита на слободите и правата, Судот донесе **една одлука** со која утврди повреда, **6 (шест) одлуки** со кои се одби барањето и **8 (осум) решенија** со кои беа отфрлени барањата поради постоење процесни пречки за одлучување или поради ненадлежност.

**1.** По предметот У.бр.316/2020 од 1 февруари 2023 година за заштита на слободите и правата што се однесуваат на слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата, политичкото здружување и дејствување и забраната на дискриминација на граѓаните по основ на пол, раса, верска, национална, социјална и политичка припадност, Судот донесе Решение со кое се **отфрла барањето** на подносителот.

СЕНТЕНЦА: *Обвинителниот акт не претставува конечен или правосилен поединечен акт со кој се одлучува за слободи и права, односно со кој се одземаат или ограничуваат одредени слободи и права, поради што Судот го отфрли барањето за заштита на слободите и правата согласно член 28 алинеја 3 од Деловникот на Уставниот суд.*

**2.** По предметот У.бр.92/2022 од 15 февруари 2023 година за заштита на слободите и правата што се однесуваат на забрана на дискриминација по основ на социјална припадност, Судот донесе Решение со кое се **отфрла барањето** на подносителот.

СЕНТЕНЦА: *Во конкретниот случај нема процесни услови за мериторно одлучување по барањето, бидејќи истото всушност се сведува на барање, Уставниот суд да заземе улога на инстанционо повисок суд и да се впушти во преиспитување на законската оправданост на наведените судски одлуки. Воедно, со барањето не се приложени релевантни факти и докази за вмешување на јавните власти во правото, што е исто така пречка Судот да се впушти мериторно по барањето. Оттука, постојат процесни пречки за мериторно постапување и одлучување по барањето за заштита на слободи и права од аспект на член 28 алинеи 1 и 3 од Деловникот на Уставниот суд.*

**3.** По предметот У.бр.18/2023 од 23 март 2023 година за заштита на слободите и правата што се што се однесуваат на забрана на дискриминација на граѓаните по основ на социјална и политичка припадност, Судот донесе Решение со кое се **отфрла барањето** на подносителот.

СЕНТЕНЦА: *Оспореното известување не претставува поединечен акт во смисла на член 51 од Деловникот и истото не може да претставува акт со кој се врши повреда на некое право или слобода, како што и дејствието на кое се повикува подносителката, не може да претставува дејствие во смисла на член 51 од Деловникот на Судот, со кое се врши дискриминација по основ на социјална и политичка припадност. Оттука, во конкретниот случај не се исполнети процесните претпоставки од член 51 од Деловникот на Уставниот суд за впуштање во мериторно постапување и одлучување по барањето за заштита на слободите и правата, поради што се исполнети условите од член 28 алинеја 3, а во врска со член 68 од Деловникот за отфрлање на барањето.*

**4.** По предметот У.бр.43/2022 од 5 април 2022 година за заштита на слободите и правата што се однесуваат на забраната на дискриминација по основ на политичка припадност, Судот донесе Решение со кое се **отфрла барањето** на подносителот.

СЕНТЕНЦА: *Оспорениот акт не може да се прифати како конечен или правосилен акт од аспект на член 51 од Деловникот, поради што Судот оцени дека постои процесна*

*пречка за постапување по барањето за заштита на слободи и права поради што го отфрли согласно член 28 алинеја 3 во врска со член 68 од Деловникот на Уставниот суд на Република Северна Македонија.*

**5.** По предметот У.бр.144/2019 од 20 април 2023 година за заштита на слободите и правата што се однесуваат на слободата на уверувањето и совеста, како и заштита на правото на забрана на дискриминација по основ на социјална припадност, Судот донесе Решение со кое се **отфрла барањето** на подносителот.

СЕНТЕНЦА: *Незадоволен од постапките и одредени дејствија на основното училиште и на Министерството за образование и наука, подносителот имал можност да поведе управен спор пред управните судови или да бара судска заштита пред редовните судови. Во конкретниот случај нема конечен или правосилен акт на кој подносителот може да се повика дека му е сторена повреда на одредени слободи и права, поради што не се исполнети процесните претпоставки од член 51 од Деловникот на Уставниот суд за впуштање во мериторно постапување и одлучување по барањето за заштита на слободите и правата и исполнети се условите за отфрлање на барањето.*

**6.** По предметот У.бр.84/2022 од 26 април 2023 година за заштита на слободите и правата што се однесуваат на забраната на дискриминација на граѓаните по основ на социјална припадност, Судот донесе Одлука со која го **одби барањето** на подносителот на барањето и **го отфрли барањето** во делот што се однесува на заштита на слободите и правата повредени со поединечни акти на Основниот јавен обвинител на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција и за заштита на правата од член 9 и член 32 од Уставот на Република Северна Македонија.

СЕНТЕНЦА: *Постоење на судски спорови со ист основ, не подразбира ист судски епилог, оттука различниот исход од водените судски спорови не значи и дискриминирање за лицето кое не успеало во спорот, имајќи предвид дека исходот од секоја спорна постапка зависи од спецификите и околностите на секој посебен случај. Воедно, со донесените судски пресуди, барањето на подносителката за заштита од дискриминација во остварување на права од работен однос, всушност се сведува на барање преку уставниот инструмент барање за заштита на слободи и права, Уставниот суд да се впушти во одлучување за прашања од сферата на работните односи што излегува надвор од рамките на надлежностите на Уставниот суд утврдени со член 110 од Уставот, бидејќи за остварување на правата од работен однос е предвидена судска заштита пред надлежните судови, а не пред Уставниот суд, па вака поставеното барање е причина за отфрлање поради ненадлежност на истото согласно член 28 алинеја 1 од Деловникот на Уставниот суд.*

**7.** По предметот <u>У.бр.319/2020</u> од 2 мај 2023 година Судот донесе Одлука со која го **одби барањето** на подносителот на барањето за заштита на слободите и правата што се однесуваат за заштита на слободата на мислата и јавното изразување на мислата, во смисла на член 110 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија.

СЕНТЕНЦА: *Уставниот суд нема да даде заштита на слобода на мислата и јавното изразување на мислата, во смисла на член 110 алинеја 3 од Уставот кога ќе се утврди дека за јавно изразената мисла нема барем минимална фактичка основа за изнесените тврдења и во ситуација кога јавно изразената мисла се однесува на политички опонент кој подлежи на поголем степен на толеранција. Во такви случаи треба да се постигне баланс помеѓу слободата на говорот и заштитата на достоинството на личноста.*

**8.** По предметот <u>У.бр.74/2021</u> од 2 мај 2023 година, Судот донесе Решение со кое го **отфрли барањето** за за заштита на слободите и правата што се однесуваат на забраната на дискриминација по основ на политичка припадност.

СЕНТЕНЦА: *Судот утврди дека Одлуката за избор на заменици на Народниот правобранител не претставува поединечен акт со кој се одлучува за поединечни слободи и права за граѓаните, односно за ограничување или одземање на одредени слободи и права гарантирани со Уставот, туку станува збор за акт на изборно дејствие што согласно член 68 став 1 алинеја 16 од Уставот, го врши Собранието. Имено, подносителот ја оспорува законитоста на оспорената одлука што е надвор од уставно утврдените надлежности на Уставниот суд поради што барањето се отфрли поради ненадлежност согласно член 28 алинеја 1 од Деловникот. Воедно, рокот утврден во член 51 од Деловникот не е запазен односно барањето е поднесено по повеќе од една година од донесувањето на оспорената одлука поради што постојат процесни пречки за постапување по барањето и за отфрлање на истото.*

**9.** По предметот <u>У.бр.137/2021</u> од 10 мај 2023 година за заштита на слободите и правата што се однесуваат на забраната на дискриминација на граѓаните по основ на социјална припадност и на слободата на уверувањето и совеста, Судот донесе Одлука со која **го одби барањето** на подносителот.

СЕНТЕНЦА: *Наводите во барањето, коишто содржат само начелно повикување на забрана на дискриминација по основ на социјална припадност, се сведуваат на барање Уставниот суд да ја преиспита работата и преземените дејствија на Основниот суд и Апелациониот суд и тоа да добие своја завршница во нивна корист, а конкретни факти и докази во барањето и појаснувањето на барањето, не се содржани.*
*Судот утврди дека аргументот за различниот социјален статус на странките во судската постапка, сам по себе, не доведува до дискриминација по автоматизам, а од барањето на*

*подносителот не може да се заклучи со сигурност за тоа каков бил неговиот статус и дали заради тој статус имал нееднаков третман наспрема тужениот. Оттука, околноста што подносителот на барањето во постапките пред судовите не успеал во спорот, наспрема другата страна која успеала во спорот, не е аргумент за поинаков и нееднаков третман на странките во конкретната судска постапка, поради што, Судот оцени дека наведените пресуди на судовите не содржат елементи на дискриминација по основ на социјална припадност, и го одби барањето.*

**10.** По предметот У.бр.9/2023 од 10 мај 2023 година за заштита на слободите и правата што се однесуваат на заштита на слободата на мислата и јавното изразување на мислата, Судот донесе Одлука со која **го одби барањето** на подносителот.

СЕНТЕНЦА: *Првостепениот и второстепениот суд утврдувајќи ги сите правно релевантни факти и околности и донесувајќи ги оспорените решенија, постапиле во рамките на своите законски овластувања, поради што не може да стане збор за повреда на правото на слободата на мислата и јавно изразување на мислата. Дополнително, имајќи предвид дека постои законска регулатива за ограничување на слободата на изразување при нарушување на редот и дисциплината во текот на судењето и за навреда на судот, поради наведените околности со парична казна, во конкретниот случај, „ограничувањето“ на слободата на изразување со изрекување на казната има легитимна цел, со оглед на тоа што мерката на казнување на адвокатот од страна на судијата е пропорционална и не претставува прекумерно ограничување на слободата на изразување, утврдена во член 110 алинеја 3 од Уставот.*

**11.** По предметот У.бр.171/2020 од 12 јули 2023 година за заштита на слободите и правата што се однесуваат на забрана на дискриминација на граѓаните по основ на политичка припадност, Судот донесе Одлука со која **го одби барањето** на подносителот, а во однос на заштита на слободите и правата што се однесуваат на забрана на дискриминација на граѓаните по основ на политичка припадност сторена со Одлука на Собранието на Република Македонија, Судот го **отфрли барањето** на подносителот.

СЕНТЕНЦА: *Со одлуката за разрешување на подносителот на барањето од функцијата член на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен не е сторена дискриминација по основ на полтичка припадност од член 110 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија, бидејќи сите членови на Комисијата биле разрешени, а не само подносителот.*

**12.** По предметот У.бр.146/2021 од 12 јули 2023 година, Судот со Одлука **утврди повреда** на слободите и правата што се однесуваат на повреда на слободата на мислата и јавното изразување на мислата, на кои се повикува подносителот на барањето.

СЕНТЕНЦА: *Судот утврди дека подносителот на барањето, како акредитиран новинар на неделникот „Фокус“, заедно со други новинари, бил присутен во зградата на Собранието, со задача да известува за случувањата околу изборот на нов претседател на Собранието, како прашање од јавен интерес, на начин што е вообичаен за известување на медиумите за работата на Собранието, во согласност со уставната, законската и деловничката регулатива. Оттука, Судот оцени дека подносителот на барањето како новинар бил оневозможен да ги изрази своите мислења и идеи без страв.*

**13.** По предметот У.бр.54/2020 од 27 септември 2023 година за заштита на слободите и правата што се однесуваат на забрана на дискриминација на граѓаните по основ на пол, Судот донесе Одлука со која **го одби барањето** на подносителот.

СЕНТЕНЦА: *Подносителот на барањето смета дека со донесувањето на оспорените решенија судовите дискриминаторски се поставиле, на начин што не ги прифатиле како оправдани причините за каснењето на рочиштето наведени од подносителката, заради што смета дека била дискриминирана по основ на пол. Во конкретниот случај, причините за поднесување на барањето за заштита на слободи и права што се однесуваат на забрана од дискриминација по основ на пол, се темелат на незадоволството од неуспехот во спорот, а не на релевантни факти и докази дека таквото одлучување на надлежниот суд било исклучиво заради личните својства на барателката како индивидуа – жена во вториот месец од бременоста, како единствена причина од која судот се раководел при формирањето на правното мислење и одлучувањето. Фактот што судот не ги прифатил причините за закаснувањето на рочиштето како оправдани, не се критериум за дискриминаторска основа.*

**14.** По предметот У.бр.131/2023 од 18 октомври 2023 година за заштита на слободите и правата што се однесуваат на забрана на дискриминација по основ на пол, Судот донесе Решение со кое се **отфрла барањето** на подносителот.

СЕНТЕНЦА: *Актот, за којшто подносителот тврди дека му го повредува правото на кое се повикува, не претставува конечен или правосилен поединечен акт бидејќи не уредува одредени права и обврски, туку претставува само известување за содржината на одредена одредба од Колективен договор на Министерството за внатрешни работи. Оттука, Судот оцени дека во конкретниот случај не се исполнети процесните претпоставки од член 51 од Деловникот на Уставниот суд за впуштање во мериторно постапување и одлучување по барањето за заштита на слободите и правата и исполнети се условите од член 28 став 3 од Деловникот на Уставниот суд за отфлање на барањето.*

**15.** По предметот У.бр.30/2023 од 25 октомври 2023 година за заштита на слободите и правата што се однесуваат на забрана на дискриминација по основ на социјална и политичка припадност, Судот донесе Решение со кое се **отфрла барањето** на подносителот.

СЕНТЕНЦА: *Оспореното известување не претставува поединечен акт во смисла на член 51 од Деловникот на Уставниот суд и истото не може да претставува акт со кој се врши повреда на некое право или слобода, како и дејствието на кое се повикува подносителката не може да претставува дејствие со кое се врши дискриминација по основ на социјална и политичка припадност. Оттука, не се исполнети процесните претпоставки за впуштање во мериторно постапување и одлучување по барањето за заштита на слободите и правата, поради што согласно член 28 алинеи 1 и 3 од Деловникот, барањето се отфрли.*

## 4. ПРЕДЛОЗИ ЗА РЕШАВАЊЕ СУДИР НА НАДЛЕЖНОСТ

Во текот на 2023 година, до Судот беа поднесени 2 (два) предлози за решавање судир на надлежност врз основа на член 110 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија.

Од поднесените предлози за решавање судир на надлежност во текот на 2023 година, еден предлог се однесува на решавање судир на надлежност меѓу носителите на извршната и судската власт, а другиот на решавање судир на надлежност меѓу органите на Републиката и единиците на локалната самоуправа.

Судот, во текот на 2023 година, реши **2 предмети** за решавање судир на надлежност од кои еден е примен во 2023 година и еден во 2022 година.

Решените предлози за решавање судир на надлежност се однесуваат на судир на надлежност меѓу органите на Републиката и единиците на локалната самоуправа.

Од решените предлози за решавање судир на надлежност, Судот донесе **една утврдувачка одлука** со која го утврди надлежниот орган и **едно решение** со кои се отфрли предлогот за решавање судир на надлежност.

**1.** По предметот У.бр.53/2023 од 16 јуни 2023 година, Судот донесе Решение со кое **го отфрли предлогот** за решавање судир на надлежност меѓу Општина Куманово, поднесен од градоначалникот на Општина Куманово и Министерството за труд и социјална политика во делот за донесување одлука Управниот одбор да објави јавен оглас за избор на директор во Јавната општинска установа - детска градинка „Ангел Шајче“ - Куманово.

СЕНТЕНЦА: *Предлог за решавање судир на надлежност може да се поднесе само откако и двата органи ќе ја прифатат или одбијат надлежноста со конечен или правосилен акт, што не е случај со конкретниот поднесен предлог. Не може да се прифати тврдењето во поднесениот предлог дека има судир на надлежност помеѓу носителот на извршната власт - Министерството за труд и социјална политика и единицата на локалната самоуправа - Општина Куманово, поради што, Судот оцени дека не се исполнети условите за решавање судир на надлежност и предлогот се отфрли.*

**2.** По предметот У.бр.136/2022 од 20 декември 2023 година, Судот донесе **Одлука со која утврди** дека Министерството за транспорт и врски е стварно надлежно да постапува по барањето за ништовност на решенијата на Министерството за транспорт и врски ПЕ на Општина Карпош – Скопје, со кои решенија се трансформира правото на користење во право на сопственост на правните субјекти „Пластика“ АД и „Алумина“ АД Општина Карпош – Одделение за недвижен имот и постапка за експропријација на недвижности.

СЕНТЕНЦА: *Судот утврди дека основ за постапување по предлогот во конкретниот случај претставува постоење на конечен акт и правосилен акт на Општина Карпош - Скопје и на Министерството за транспорт и врски за огласување на ништовни, со кои двата органи се огласиле за ненадлежни, односно постои негативен судир на надлежност.*

## 5. ИЗДВОЕНИ МИСЛЕЊА

Во текот на 2023 година во однос на донесени одлуки и решенија на Судот, согласно член 25 став 6 од Деловникот на Уставниот суд, беа издвоени и писмено образложени 28 издвоени мислења на судии и тоа во предметите: У.бр.55/2022, У.бр.101/2022, У.бр.316/2020, У.бр.110/2022, 111/2022, 112/2022 и 124/2022, У.бр.9/2021 и 25/2021, У.бр.319/2020, У.бр. 9/2023, У.бр.22/2020 и 231/2020, У.бр.17/2023, У.бр.31/2022, У.бр.16/2023, У.бр.131/2022, У.бр.1/2022, У.бр.81/2022, У.бр.146/2021, У.бр.27/2023, У.бр. 88/2023, У.бр.64/2021, У.бр.54/2020, У.бр.8/2019, 16/2019, 26/2019, 40/2019 и 47/2019, У.бр.15/2023, У.бр.24/2023, У.бр.152/2023, У.бр.80/2023, У.бр. 66/2023, У.бр.92/2023, У.бр.36/2022 и У.бр.140/2023.

## V. ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА НА СУДОТ

Уставниот суд ја информира јавноста за сите активности во работењето преку официјалната веб-страница (http://ustavensud.mk/).

Информациите се објавуваат и на службениот фејсбук-профил на Уставниот суд (https://www.facebook.com/ustaven.oficijalna.stranica/), а во исто време истите содржини ги добиваат повеќе од 200 новинари и медиуми во државата преку нивните мејл-адреси. Седниците и јавните расправи се отворени за јавноста и секој може да присуствува. Комуникацијата на Судот со граѓаните се одвива непосредно и директно преку портпаролот на Судот, Христина Беловска, која на дневна база одговара на телефонски повици, средби во Уставниот суд, преку мејл и пошта.

### А. АКТИВНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ НА УСТАВНИОТ СУД

Граѓаните можат да добијат информации од Уставниот суд на два начини, преку претходно поднесено барање/прашање и кога информациите се лесно видливи и достапни за јавноста. Проактивното објавување информации овозможува јавноста да биде навремено информирана за предметите кои се работат во Уставниот суд.

При објавувањето на информациите, Уставниот суд постапува по следните принципи:

- достапност;
- лесни за пронаоѓање/пребарување;
- кредибилност;
- јасност и разбирливост;
- редовно ажурирани;
- бесплатност.

### Б. АКТИВНОСТИ ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ТРАНСПАРЕНТНОСТА НА УСТАВНИОТ СУД

Уставниот суд презема повеќе активности за зајакнување на транспарентноста чијашто крајна цел е зголемување на довербата на граѓаните во Судот.

Почнувајќи од стратешкиот план донесен во 2022 година, Уставниот суд ја предвиде транспарентноста како стратешки приоритет со спроведување на три програми. Во првата половина на 2023 година консултирани се тројца експерти од областа, м-р Златко Симоновски (НВО), Тони Ангеловски (портпарол) и д-р Тодор Стојчевски, косопственик на ПР агенција.

Во втората половина на 2023 година, портпаролот-советник на Судот, Христина Беловска согласно статистиката на прашања и покриеност на Уставниот суд креираше прашалник за транспарентност кој беше дистрибуиран до медиумите.

Анкетата е спроведена со комбиниран метод-теренски и онлајн, при што од страна на портпаролката и уште тројца советници беа посетени 10 редакции (МТВ, МИА, Канал 5, Алсат, ТВ 21, ТВ 24, Слободен печат, Мета, ПорталБ, Вистинометар), пред кои беше презентирана идејата за нивниот придонес и учество во стратешкото комуницирање на Судот, кое е прилагодено на нивните потреби за полесно разбирање и пренесување на информациите.

Во анкетата учествуваа околу 90 претставници на медиуми, како дел од над 20 редакции во Република Северна Македонија. Дополнително, во текот на посетите новинарите даваа нивни мислења и предлози во форма на мини-интервјуа со прашања и теми кои не беа опфатени во анкетата.

Изработена е драфт-верзија на комуникациската стратегија, којашто е дополнета со предлозите од интервјуираните јавности.

Судот, преку советникот за односи со јавноста во текот на 2022/2023 година ја спроведе Програмата „анализа на состојби”, предвидена во Стратешкиот план од 2022 година. Почна примена на втората програма „управување со комуникациите” која таргетира 6 целни групи предвидени со Стратегијата.

Уставниот суд во текот на 2023 година објави **180 соопштенија** на веб- страницата и мејл-адреси до медиумите, со цел точно и навремено информирање на јавноста во врска со работата и предметите по коишто се постапува во Судот. Во оваа статистика не влегуваат објавите на Уставниот суд на официјалниот профил на социјалната мрежа Фејсбук. Дополнително во Судот се одржани **11 прес-конференции** и редовни брифинзи по завршување на седниците.

### 1. Соопштенија за новоформирани предмети

Од почетокот на 2022 година Уставниот суд воведе пракса на редовно информирање на граѓаните за новите предмети кои се оформени по поднесување на иницијативи, барања од граѓаните или пак предмети за решавање на судир на надлежности. Целта е граѓаните да бидат известени за секој нов предмет кој се работи во Уставниот суд и на тој начин да се информираат за работењето уште од почетната фаза кога се оформува предметот, сè до завршувањето на постапката. Во овие соопштенија се споделуваат информации за наводите, оспорените одредби и подно-сителите. Судот во 2023 година испрати 10 соопштенија за новоформирани 210 предмети. Притоа Судот објави засебни соопштенија за формирани предмети актуелни во јавноста, кои се напоменати во насловот „Соопштенија за предмети од интерес на јавноста”.

Соопштенијата од категоријата оформени предмети се објавени со следните наслови:

| | | |
|---|---|---|
| 1. | 03.02.2023 | Уставниот суд оформи 11 нови предмети во јануари 2023 година |
| 2. | 14.03.2023 | Оформени 21 нов предмет во февруари во Уставниот суд |

| | | |
|---|---|---|
| 3. | 13.04.2023 | Уставниот суд оформи 14 нови предмети во март 2023 година |
| 4. | 12.05.2023 | Формирани нови 11 предмети во Уставниот суд во периодот 1 – 20 април 2023 година |
| 5. | 26.05.2023 | Оформени 9 нови предмети во Уставниот суд во периодот од 20 – 30 април 2023 година |
| 6. | 16.06.2023 | Оформени 13 нови предмети во Уставниот суд во мај 2023 година |
| 7. | 03.07.2023 | Уставниот суд оформи нови 5 предмети во периодот од 1 – 20 јуни 2023 година |
| 8. | 04.08.2023 | Оформени нови 33 предмети во текот на месец јуни и јули 2023 година |
| 9. | 13.10.2023 | Зголемен прилив на предмети во Уставниот суд, 53 нови предмети само во август и септември 2023 година |
| 10. | 29.12.2023 | Оформени нови 25 предмети во текот на октомври и ноември 2023 година |

### 2. Соопштенија за дневен ред на седниците

Уставниот суд во 2023 година одржа рекорден број на седници, односно 45 седници за кои редовно ја известуваше јавноста. Судот ги информираше меидумите преку мејл и испрати 45 најави за дневен ред, исто така најавите се споделени на веб-страницата и официјалниот фејсбук-профил. Дополнително Уставниот суд објави 45 соопштенија за јавност со коишто информираше за исходот од седниците. Покрај редовните најави и исходот од дневниот ред на седниците, Уставниот суд објави засебни соопштенија за предмети од интерес на јавноста.

### 3. Соопштенија за предмети од интерес на јавноста

Уставниот суд применува активна транспарентност и покрај достапноста на јавно објавените информации на своите канали за комуникација, активно објавува информации за предмети кои имаат интерес за граѓаните. Проценката за објавување на овие соопштенија се врши на начин што се следи медиумскиот интерес, прашања од медиумите, но и фидбек од граѓаните на социјалните мрежи во контекст на предмети пред Уставниот суд. Притоа, Судот води сметка соопштенијата да имаат информативна вредност, односно да содржат доволно податоци од коишто граѓаните ќе се информираат и ќе го креираат своето мислење. Во таа насока, Судот во 2023 година преку мејл и веб-страницата објавил 42 соопштенија за предмети од интерес на јавноста со следните наслови:

**Табеларен приказ на соопштенија за предмети од интерес на јавноста:**

| | | |
|---|---|---|
| 1. | 11.01.2023 | Уставниот суд на денешната седница одлучи да поведе постапка за Одлука на Советот на Општина Карпош од од 03.03.2022 година за донесување на ДУП за Градска четврт 3. 04, Блок 3 04.05. |
| 2. | 18.01.2023 | Соопштение за предметот за слободи и права на подносителот Влатко Стојановски, новинар од Фокус |
| 3. | 01.02.2024 | Уставниот суд го отфрли барањето за заштита на слободи и права за Антонијо Милошоски |
| 4. | 18.01.2023 | Соопштение за предметот за слободи и права на подносителот Влатко Стојановски, новинар од Фокус |
| 5. | 25.01.2023 | Уставниот суд ја укина Одлуката со која општина Центар донесе ДУП во 2014-та година |
| 6. | 01.03.2023 | Уставниот суд го укина членот 22 од Законот за плати и други надоместоци кој предвидуваше апанажа на функционерите кои дале оставка или се разрешени |
| 7. | 07.03.2023 | Уставниот суд ќе одлучува за Одлука на Општина Куманово со која се овозможува градење на станбени згради надвор од централното градско подрачје |
| 8. | 07.03.2023 | Укинат дел од член 8 од Законот за Судски совет кој се однесува на изборот на претседател |
| 9. | 07.03.2023 | Поништена Одлука на Општина Куманово |
| 10. | 21.03.2023 | Уставниот суд укина два члена од Законот за изменување и дополнување на Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица |
| 11. | 05.04.2023 | Информации во врска со предметот во кој е укината Одлука за ДУП во Општина Карпош |
| 12. | 05.04.2023 | Уставниот суд на денешната седница ја укина Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за градска четврт 3 04 блок 04.05 на Општина Карпош |
| 13. | 10.05.2023 | Уставниот суд не поведе постапка за членот 110 од Законот за Јавното обвинителство |
| 14. | 10.05.2023 | Уставниот суд не поведе постапка за оценување на Закон за изменување и дополнување на Законот за здруженија и фондации |
| 15. | 12.05.2023 | Уставниот суд не поведе постапка за оценување на Закон за изменување и дополнување на Законот за здруженија и фондации |

| | | |
|---|---|---|
| 16. | 06.06.2023 | Уставниот суд укина дел од член 9 од Правилникот на АВМУ кој ги уредува условите за добивање на дозволи за радио и телевизиско емитување |
| 17. | 14.06.2023 | Уставниот суд ја отфрли иницијативата за Здружението „Културен Центар Иван Михајлов- Битола" |
| 18. | 27.06.2023 | Уставниот суд по сопствена иницијатива ќе ја оценува уставноста на Упатството за водење на матични книги |
| 19. | 28.06.2023 | Кацарска: Преспанскиот и Законот за јазиците нема да останат „под тепих" поради несовесното постапување на пратениците |
| 20. | 30.06.2023 | Оспореното Упатство за водење на матични книги на дневен ред во Уставниот суд на 5 јули |
| 21. | 05.07.2023 | Уставниот суд поведе постапка и времено го запре извршувањето на Упатството |
| 22. | 05.07.2023 | Уставниот суд по сопствена иницијатива поведе постапка за делови од Статутот на Општина Кисела Вода и донесе времена мерка |
| 23. | 12.07.2023 | Уставниот суд утврди повреда на слободата на јавно изразување на мислата на новинар во Собранието на 27.04.2017 година |
| 24. | 18.07.2023 | Законот за матичната евиденција на дневен ред на утрешната седница на Уставен суд |
| 25. | 18.07.2023 | 28. седница на Уставниот суд наместо утре(среда), ќе се одржи во четврток(20.07.2023) |
| 26. | 20.07.2023 | Соопштение во врска со оспорениот Закон за матична евиденција |
| 27. | 03.08.2023 | Формирани предмети за законските измени на Законот за работни односи и измената на ДУП Буњаковец 2 |
| 28. | 12.09.2023 | Предмети оформени по иницијативи на Министерството за правда на дневен ред на Уставниот суд |
| 29. | 13.09.2023 | Поведена постапка по две иницијативи поднесени од Министерството за правда |
| 30. | 15.09.2023 | Уставниот суд постапува по 13 предмети за измените на Законот за облигациони односи и Законот за извршување |
| 31. | 19.09.2023 | Уставниот суд постапува по три предмети за законските измени на Законот за работни односи |
| 32. | 19.09.2023 | Указот и „Договорот од Преспа " во четврток на дневен ред во Уставниот суд |

| | | |
|---|---|---|
| 33. | 21.09.2023 | Соопштение од одлученото по т.н. Закон за ратификација на Преспански договор и прес конференција на претседателката Добрила Кацарска |
| 34. | 27.09.2023 | Уставниот суд денеска ќе одлучува за Упатството за водење на матични книги |
| 35. | 27.09.2023 | Уставниот суд го поништи Упатството за водење на матични книги |
| 36. | 29.09.2023 | Уставниот суд поништи Правилник на ЗАМП кој предвидува ретроактивна исплата за авторски надомест со пониски коефициенти |
| 37. | 04.10.2023 | Поведена постапка за делови од Законот за средното образование кои се однесуваат на користење бесплатен јавен превоз |
| 38. | 16.10.2023 | Формирани предмети во кој е оспорен Законот за данок на солидарност |
| 39. | 05.12.2023 | Поведена е постапка за член од Закон за буџети кој регулира 30% надополнување на плата кај вработени во МФ |
| 40. | 19.12.2023 | Законот за матична евиденција утре повторно на седница на Уставниот суд |
| 41. | 20.12.2023 | Времено се запира впишување на националноста во матичните книги на родени,венчани и умрени |

### 4. Тековни известувања и дневни активности

Уставниот суд ја известува јавноста за својата работа во континуитет и притоа не станува збор само за информации поврзани со предмети. Имено, Судот цени дека граѓаните треба да имаат целосна слика во врска со работата и активностите на сите судии и вработени и за таа цел информира преку посебни соопштенија за јавност. Судот во текот на 2023 година објави 23 соопштенија со чијашто содржина информира за тековните настани и дневни активности.

**Табеларен приказ на известувања и дневни активности:**

| | | |
|---|---|---|
| 1. | 10.03.2023 | Судии и советници од Уставниот суд учествуваат на работилница за унапредување на човековите слободи и права по европски стандарди |
| 2. | 14.03.2023 | Преглед на работата на Уставниот суд на Република Северна Македонија за 2022 година |
| 3. | 31.03.2023 | Одговор за медиуми во врска со укинувањето на два члена од Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица |

| | | |
|---|---|---|
| 4. | 11.04.2023 | Новоизбраната уставна судијка Елизабета Дуковска денеска почна со работа |
| 5. | 08.05.2023 | Писмо со сочуство до претседателката на Уставниот суд на Република Србија |
| 6. | 17.07.2023 | Одржана обука на стручната служба во Уставен со поддршка на ОБСЕ Мисијата во Скопје |
| 7. | 02.08.2023 | Претседателката на Уставниот суд Добрила Кацарска положи цвеќе по повод државниот празник Илинден |
| 8. | 31.08.2023 | Извештајот од германските експерти за воведување уставна жалба во Република Северна Македонија ќе се промовира на регионална конференција во ноември |
| 9. | 31.08.2023 | Претседателката на Уставниот суд Добрила Кацарска оствари онлајн средба со претставници од германската фондација ИРЗ во врска со извештајот за уставна жалба |
| 10. | 09.08.2023 | Честитка од Уставниот суд по повод 8 Септември |
| 11. | 11.10.2023 | Честитка од Уставниот суд, до граѓаните по повод празникот 11 Октомври |
| 12. | 19.10.2023 | Претседателката на Уставниот суд, Добрила Кацарска на средба со експертска група за спроведување проект за развој на капацитети |
| 13. | 30.10.2023 | Судијата Осман Кадриу одликуван со Повелба за животно дело |
| 14. | 08.11.2023 | Одложена 40. седница на Уставниот суд |
| 15. | 11.12.2023 | Уставни судии ќе учествуваат на дебата организирана од Институтот за човекови права на тема уставна жалба |
| 16. | 12.12.2023 | Уставни судии, професори, НВО, експерти од Германија, ОБСЕ и ЕУ на дебата за воведување уставна жалба |
| 17. | 12.12.2023 | Заклучоци од дебатата на Инстутутот за човекови права за воведување на уставна жалба во Република Северна Македонија |
| 18. | 12.12.2023 | Говор на претседателката Добрила Кацарска за уставна жалба (дебата на ИЧП) |
| 19. | 13.12.2023 | Информација за судија Јадранка Дабовиќ-Атанасовска |
| 20. | 20.12.2023 | Кацарска во интервју за ТВ 24: Досега не сме добиле иницијатива за партијата „Десна" |
| 21. | 25.12.2023 | Покана за завршна прес-конференција во Уставниот суд |
| 22. | 26.12.2023 | Говор на Претседателката Добрила Кацарска од завршната прес-конференција |

| | | |
|---|---|---|
| 23. | 28.12.2023 | Новогодишна честитка од Уставниот суд |

## 5. Одржани посети во Судот и средби

Уставниот суд во текот на 2023 година информираше за 7 (седум) работни средби кои се одржани во просториите на Судот. Станува збор за работни средби и посети од официјални претставници на домашни и меѓународни организации, како и посети од страна на студенти од правни факултети.

**Табеларен приказ на одржани средби и посети во Судот:**

| | | |
|---|---|---|
| 1. | 27.01.2023 | Работна средба на претседателката на Уставниот суд Добрила Кацарска со претседателот на Здружението на судиите Џемали Саити |
| 2. | 19.05.2023 | Уставните судии се сретнаа со Рајнер Вилант, потпретседател на Европскиот Парламент и член на Комитетот за уставни прашања |
| 3. | 29.06.2023 | Студенти и ученици од Младинската школа „Ќопру” го посетија Уставниот суд |
| 4. | 17.07.2023 | Одржана обука на стручната служба во Уставниот суд на тема „Забраната за дискриминација во судската пракса на ЕСЧП” |
| 5. | 07.12.2023 | Претседателката на Уставниот суд Добрила Кацарска оствари работна средба со амбасадорот на ОБСЕ, Килијан Вал |
| 6. | 08.12.2023 | Претседателката Кацарска оствари работна средба со австрискиот амбасадор Памер и специјалистот за судски реформи и владеење на правото, Георг Става |
| 7. | 21.12.2023 | Студенти од Правниот факултет при Универзитетот на Југоисточна Европа во посета на Уставниот суд |

## 6. Соопштенија од меѓународни активности

Уставниот суд и во текот на 2023 година ја продолжи соработката со меѓународни организации и уставни судови коишто резултираа со билатерални средби, состаноци, конференции и студиски посети. Во 2023 година Судот објави 10 соопштенија кои содржат информации за меѓународни активности.

**Табеларен приказ на соопштенија од меѓународни активности:**

| | | |
|---|---|---|
| 1. | 29.05.2023 | Делегација на Уставниот суд на Република Северна Македонија во студиска посета на Република Хрватска |
| 2. | 06.06.2023 | Уставниот судија Дарко Костадиновски говорник на 30 Конгрес на Меѓународната федерација на европско право (ФИДЕ) |
| 3. | 12.06.2023 | Билатерална средба на уставните судови на Република Северна Македонија и Република Бугарија |
| 4. | 06.10.2023 | (ВИДЕО) Претседателката на Уставниот суд, Добрила Кацарска говорник на регионална конференција на тема „Улогата на Уставниот суд на Република Северна Македонија во заштитата на приватната сфера на граѓаните |
| 5. | 07.10.2023 | Говор на претседателката Добрила Кацарска од обраќањето на тема: „Улогата на Уставниот суд во заштитата на приватна сфера на граѓанинот" |
| 6. | 28.10.2023 | Формиран Балкански форум на уставни судови- Уставниот суд на Република Северна Македонија меѓу основачите |
| 7. | 28.10.2023 | (ВИДЕО) Говор на претседателката на Уставниот суд, Добрила Кацарска на основањето на Балканскиот форум на уставни судови |
| 8. | 25.10.2023 | Судијата Осман Кадриу говорник на Регионална конференција во Република Косово |
| 9. | 18.11.2023 | (Видео) Претседателката на Уставниот суд Добрила Кацарска, говорник на 60-годишнината од уставното судство на Република Србија |
| 10. | 02.12.2023 | Делегација на Уставниот суд и ИЧП во посета на Уставниот суд во Република Словенија |

## 7. Прес-конференции и брифинзи за медиуми

Една од алатките за комуникација со јавноста е прес-конференцијата, којашто Уставниот суд според Деловник има обврска да ја одржи најмалку два пати годишно. Со оглед дека Судот ја реафирмираше потребата за активна комуникација со граѓаните, преку посредство на медиумите, прес-конференциите станаа редовна пракса по завршувањето на седниците, особено во случаи кога станува збор за предмети од интерес на јавноста. Во оваа насока, Судот(портпаролката Христина Беловска и претседателката Добрила Кацарска) одржа 11 прес-конференции во текот на 2023 година, на коишто претходеа брифинзи за новинарите во врска со темите од јавен интерес.

**Табеларен приказ на прес-конференции и брифинзи за медиуми:**

| | | |
|---|---|---|
| 1. | 25.01.2023 | У.бр. 80/2021 во кој е оспорена Одлуката за донесување на ДУП на Општина Центар за Градска четврт Ј 07(Христина Беловска-Портпарол) |
| 2. | 07.03.2023 | Брифинг и прес конференција после 9. Седница |
| 3. | 05.04.2023 | Брифинг и прес конференција по 13 седница (Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за градска четврт 3 04 блок 04.05 на Општина Карпош и предметот со укинати членови од Законот за плати и надоместоци на избраните и именувани функциониери) |
| 4. | 14.06.2023 | Брифинг и прес конференција по завршена седница |
| 5. | 28.06.2023 | Брифинг за медиуми со претседателка на Уставен суд, Добрила Кацарска |
| 6. | 12.07.2023 | Брифинг и прес конференција по завршена седница и за предмет на Влатко Стојановски |
| 7. | 20.07.2023 | Брифинг и прес конференција во врска со У.бр.92/2023 во кој се оспорени делови од три члена од Законот за матичната евиденција. |
| 8. | 21.09.2023 | Прес конференција на претседател Добрила Кацарска за неповедување на постапка за Законот за ратификација на т.н. Договор од Преспа |
| 9. | 27.09.2023 | Брифинг и прес конференција за Упатство за водење на матични книги |
| 10. | 05.12.2023 | Брифинг и прес конференција во врска со поведената постапка за член 66 став 3 од Законот за буџет, кој во јавноста е познат како член со кој за 30% се зголемија платите на вработените во Министерството во финансии |
| 11. | 20.12.2023 | Брифинг и прес конференција во врска со предметот во кој се оспорени одредби од Законот за матичната евиденција |
| 12. | 27.12.2023 | Говор на претседателката Добрила Кацарска од завршна прес конференција за 2023 година |

## 11. Деманти/реакции

Придржувајќи се до принципите за комуникација со јавноста, Уставниот суд објавува точни и проверени информации преку своите канали, и ги следи објавите во медиумите поврзани со неговото работење. Во најголем дел, кога станува збор за техничка грешка, Судот реагирал само во еден случај со барање за корекција и испратил два деманти на општествено-политички чинители со цел утврдување на фактите и разобличување на дезинформациите и лажни наводи.

**Табеларен приказ на деманти и реакции:**

| | | |
|---|---|---|
| 1. | 13.07.2023 | Реакција на Уставниот суд на невистинити и неточни тврдења на министерот за правда Кренар Лога |
| 2. | 27.12.2023 | Уставниот суд реагира на невистинити наводи изнесени од претседателот на Синдикатот на УПОЗ |
| 3. | 19.07.2023 | Барање за корекција на текст со осуден судија (барање за корекција до повеќе портали во врска со техничка грешка кадешто наместо судија на Управен суд кој е осомничен за злоупотреба, е наведено судија на Уставен суд). |

**14. Одговори на новинарски прашања**

Во текот на 2023 година портпаролот на Уставниот суд одговори на повеќе од 100 прашања од новинари за тековни предмети за кои се водела постапка, но и за прашања од интерес на јавноста за кои немало оформени предмети во Судот. Најголем интерес, односно најголем број на прашања од новинарите предизвика предметот во кој Уставниот суд укина две одредби од Законот за плати на избрани и именувани службеници, потоа предметот во кој Судот ја укина т.н. апанажа за разрешените и функционерите кои сами поднесуваат оставки, голем интерес новинарите пројавија за предметите во кои е оспорен Законот за матична евиденција и Упатството со кои се уредени прашања од матичните книги. Голем дел од новинарските прашања кои се упатени до Судот се однесуваа за Законот за облигациони односи и Законот за извршување, Законот за солидарен данок итн.

Најголем дел од прашањата се поставени преку вибер комуникација, или телефонски до портпаролот Христина Беловска.

**18. Интервјуа**

Согласно со начелниот став кој го зазема Судот за јавно претставување на институцијата, претседателката Добрила Кацарска учествуваше на пет интервјуа.

**Табеларен приказ на интервјуа:**

| | | |
|---|---|---|
| 1. | 26.09.2023 | Кацарска гостин во интервју за ТВ21, во емисијата Клик Плус |
| 2. | 27.11.2023 | Кацарска за Новатв.бг: Северна Македонија е подготвена за влез во ЕУ од аспект на уставното право, апелирам воведување на уставна тужба |
| 3. | 13.12.2023 | Интервју на претседателката Добрила Кацарска за МРТ на тема „уставна жалба”. |
| 4. | 04.12.2023 | We Radio- радио поткаст на националната платформа за женско претприемништво со претседателка Добрила Кацарска |
| 5. | 20.12.2023 | Интервју на претседателката Добрила Кацарска за „24 Отворено” на Телевизија 24 |

### 10. Изјави за медиуми

Судиите во Уставниот суд имаат заземено генерален став дека Судот во јавноста ќе го претставува претседателот, во смисла на учество на конференции, настани и изјави за медиуми по одредени прашања. Во таа насока, претседателот на Судот дава една изјава за конкретно прашање кое е поставено пред Уставниот суд, на настан на којшто присуствува како гостин. Одговорот е пренесен и преземен од десетици медиуми.

| | | |
|---|---|---|
| 1. | 08.09.2023 | Изјава за медиуми на претседателката Добрила Кацарска во врска со актуелните измени во КЗ |
| 2. | 22.11.2023 | Изјава за медиуми во рамки на Регионална конференција, но и актуелни предмети како што е предметот за Закон за солидарен данок |

### 11. Објави на службениот фејсбук-профил на Уставниот суд

Службениот фејсбук-профил на Уставниот суд е креиран на 27 декември 2021 година и до крајот на 2023 година  текот на една година има 1580 следбеници (followers) и 1100 допаѓања (likes) на профилот кои се природно достигнати, без рекламирање или спонзорирање на содржини (постови).

За разлика од соопштенијата коишто се објавуваат на веб-страницата или се праќаат преку мејл, содржините кои се објавуваат на Фејсбук се прилагодени за социјалниот медиум, со честа употреба на симболи (objects) препознатливи за дигиталните содржини (digital contents). За одржување на вестите на овој дигитален медиум е задолжен советникот за односи со јавноста, Христина Беловска.

**Во текот на 2023 година се објавени 141 вест (posts).**

Најпопуларна објава е информацијата во врска со укинувањето на два члена од Законот за избрани и именувани функционери со 8651 „reach” или појавување до тој број на луѓе и 2135 „engagements” активности кои биле преземени за овој пост. Потоа, објава која предизвикала поголем интерес е изјава на претседателката Добрила Кацарска во врска со измените на Кривичниот законик, при што постот достигнува до 6841 профил и се преземени 426 активности со него.

### 12. Регионална конференција во соработка со ИРЗ на тема „Уставна жалба во Република Северна Македонија - придобивки и потреба од воведување”.

На 21 и 22 ноември 2023 година Уставниот суд беше домаќин на Регионална конференција на тема „Уставна жалба во Република Северна Македонија- придобивки и потреба од воведување". Ова е конференција која Судот ја организираше со поддршка на германската фондација ИРЗ, која ангажираше експерти за изработка на студија за уставна жалба во Република Северна Македонија.

Од овој настан Уставниот суд објави седум соопштенија на веб-страницата кои беа пренесени до медиумите преку мејл комуникација:

| | | |
|---|---|---|
| 1. | 21.11.2023 | Уставниот суд домаќин на Регионална конференција на која ќе се промовира уставната жалба |
| 2. | 21.11.2023 | Најава за Регионална конференција во организација на Уставниот суд |
| 3. | 21.11.2023 | Одржана интерна работна седница во рамки на проектот поддржан од ИРЗ |
| 4. | 22.11.2023 | Поздравен говор на претседателката на Уставниот суд Добрила Кацарска на Регионална конференција за промоција на уставна жалба |
| 5. | 22.11.2023 | Претседателката на Уставниот суд Добрила Кацарска повика на поддршка од сите политички чинители за воведување на уставна жалба во Република Северна Македонија |
| 6 | 22.11.2023 | Претседателот на државата Стево Пендаровски со поддршка за барањето за воведување уставна жалба |
| 7. | 23.11.2023 | Петра Дрекслер, амбасадорката на Сојузна Република Германија со поддршка за воведување на уставна жалба |

Оваа Регионална конференција е дел од ПР кампања за воведување на уставна жалба. Во рамки на оваа кампања, по одржување на конференцијата:

- претседателката на Уставниот суд, Добрила Кацарска даде тематско интервју на МТВ во Централниот дневник,
- изјава за медиуми заедно со германскиот експерт Винфрид Шуберт по конференцијата,
- дебата со медиумски организации, НВО, професори од Правниот факултет Јустинијан I, организирана од ИЧП,
- говорници од Балканот (претседатели и судии на уставни судови) во рамки на Регионалната конференција,
- дадени се тековни одговори за медиуми на тема уставна жалба,

- интервју на претседателката Добрила Кацарска со прашања за уставна жалба на Бугарската национална телевизија Новатв.бг,
- посета на Уставен суд во Словенија со цел размена на искуства,со партнерство на Институтот за човекови права(ИЧП), со фокус на темата за уставна жалба.

**Заклучоци:**

- покриеност на Регионалната конференција од над 50 наслови во медиумите (национални ТВ и портали) и на официјалните канали на Судот,
- поддржана од претседателот на Републиката, Стево Пендаровски,
- поддржана од германската амбасадорка, Петра Дрекслер,

- поддржана од министерот за правда, Кренар Лога,
- поттикна размислување во јавноста.

**Медиумска покриеност на регионална Конференција за уставна жалба**

1. Пренос во живо на Медиумска информативна агенција (МИА)[3]

2. Известување во живо во централниот дневник на МТВ (https://play.mrt.com.mk/play/567658)

3. Прилози во информативните изданија(вести) на националните ТВ станици:
   - Канал5 (https://kanal5.com.mk/kacarska-so-kritika-za-politicharite-zoshto-vo-zemjava-se-ushte-ne-e-vovedena-ustavnata-tuzhba/a612608)
   -Телма (https://telma.com.mk/2023/11/22/bez-ustavna-zhalba-gragjanite-ne-mozhat-da-se-zhalat-pred-ustaven-sud-za-prekrshuvanje-na-mnogu-prava-i-slobodi/)
   -Сител (https://sitel.com.mk/ustavna-tuzhba-za-pogolema-zashtita-na-ustavnite-prava-na-gragjanite?fbclid=IwAR327Pd44uaEFU1JjyXd1-WDIcbdkylUHlGzU6BqEkJgpyzdNF37rjgmQi0)

Покриеност на настанот од онлан медиуми- веб портали:

- https://mk.tv21.tv/germanskata-ambasadorka-dreksler-so-poddrshka-za-voveduvane-ustavna-zhalba/
- https://meta.mk/dreksler-preku-ustavna-zhalba-na-gragjanite-treba-da-im-se-ovozmozhi-da-tuzhat-za-svoite-prava-pred-ustavniot-sud/
- https://vestiplus.mk/petra-dreksler-ambasadorkata-na-sojuzna-republika-germanija-so-poddrshka-za-voveduvane-na-ustavna-zhalba/
- https://centar.mk/blog/2023/11/23/petra-dreksler-ambasadorkata-na-sojuzna-republika-germanija-so-poddrshka-za-voveduvane-na-ustavna-zhalba/
- https://biznisvesti.mk/germanskata-ambasadorka-dreksler-so-poddrshka-za-voveduvane-ustavna-zhalba/
- https://24info.mk/2023/11/23/%D0%B0%D0%BC%D0%B1%D0%B0%D1%81%D0%B0%D0%B4%D0%BE%D1%80%D0%BA%D0%B0%D1%82%D0%B0-%D0%BD%D0%B0-

---

[3] https://mia.mk/story/%D0%BA%D0%BE%D0%BD%D1%84%D0%B5%D1%80%D0%B5%D0%BD%D1%86%D0%B8%D1%98%D0%B0-%D0%BF%D0%BE%D0%B2%D0%B5%D1%9C%D0%B5-%D0%BF%D1%80%D0%B0%D0%B2%D0%BD%D0%B0-%D0%B7%D0%B0%D1%88%D1%82%D0%B8%D1%82%D0%B0-%D0%B7%D0%B0-%D0%B3%D1%80%D0%B0%D1%93%D0%B0%D0%BD%D0%B8%D1%82%D0%B5-%D0%BF%D1%80%D0%B5%D0%BA%D1%83-%D1%81%D0%B5%D0%BE%D0%BF%D1%84%D0%B0%D1%82%D0%BD%D0%B0-%D0%B8-%D0%B5%D1%84%D0%B5%D0%BA%D1%82%D0%B8%D0%B2%D0%BD%D0%B0-%D1%83%D1%81%D1%82%D0%B0%D0%B2%D0%BD%D0%B0-%D0%B6%D0%B0%D0%BB%D0%B1%D0%B0-%D0%B2%D0%BE-%D0%B6%D0%B8%D0%B2%D0%BE?fbclid=IwAR2MsPhiJxNDUOzATW8Figwd09LwIESZVQKuO_uk8UGQHdq9bnxkw1SN7r8

%D0%B3%D0%B5%D1%80%D0%BC%D0%B0%D0%BD%D0%B8%D1%98%D0%B0-%D1%81%D0%BE-%D0%BF%D0%BE%D0%B4%D0%B4%D1%80%D1%88/

**Медиумска покриеност на настанот од друг аспект на наслов:**

„Кацарска бара поддршка од сите политички чинители за воведување на уставната жалба"

1. Макфакс.мк
https://makfax.com.mk/makedonija/%D0%BA%D0%B0%D1%86%D0%B0%D1%80%D1%81%D0%BA%D0%B0-%D0%B1%D0%B0%D1%80%D0%B0-%D0%BF%D0%BE%D0%B4%D0%B4%D1%80%D1%88%D0%BA%D0%B0-%D0%BE%D0%B4-%D1%81%D0%B8%D1%82%D0%B5-%D0%BF%D0%BE%D0%BB%D0%B8%D1%82%D0%B8/

2. Опсервер.мк
.https://opserver.mk/makedonija/kacarska-bara-poddrshka-od-site-politichki-chiniteli-za-voveduvanje-na-ustavnata-zhalba/

3. Точка.мк
https://tocka.com.mk/vesti/464267/kacarska-bara-poddrska-od-site-politicki-ciniteli-za-voveduvanje-na-ustavnata-zalba

4.Пресс24 https://press24.mk/kacarska-bara-poddrshka-od-site-politichki-chiniteli-za-voveduvanje-na-ustavnata-zhalba

5.Мета.мк https://meta.mk/od-drzhavite-vo-regionot-samo-vo-makedonija-go-nema-instrumentot-ustavna-zhalba/

6.Фокус.мк https://fokus.mk/katsarska-povika-na-poddrshka-od-site-politichki-chiniteli-za-voveduvane-na-ustavna-zhalba-vo-makedonija/

## VI. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Во текот на 2023 година, Судот оствари меѓународна соработка, со учество на претставници од Судот на повеќе билатерални, регионални и мултилатерални настани. Истовремено, Судот продолжи да ја остварува веќе воспоставената соработка со Венецијанската комисија на Советот на Европа преку својот офицер за врски.

- Во периодот од 26 до 29 март 2023 година, претседателот на Судот, Добрила Кацарска и портпаролот на Судот, Христина Беловска, присуствуваа на 100-годишнината од донесувањето на првиот Устав на Република Романија. Во рамки на јубилејот се одржа меѓународна конференција каде што повеќе од 15 говорници упатија пораки за унапредување на владеењето на правото и човековите слободи и права. За време на престојот во Романија, претседателот на Судот, Добрила Кацарска оствари средба со Мухарем Меџити, в.д. Амбасадор на Република Северна Македонија во Романија.

➢ Судијата д-р Дарко Костадиновски во периодот од 31 мај до 3 јуни 2023 година, учествуваше на 30. Конгрес на Меѓународната федерација на европско право (ФИДЕ) што се одржа во Софија, Бугарија. Судијата д-р Дарко Костадиновски со свое излагање учествуваше на панел дискусијата „Владеење на правото во контекст на проширувањето на ЕУ“. На панел дискусијата судијата Костадиновски се осврна и на улогата на Уставниот суд во одржување на принципот на владеењето на правото. На настанот, меѓу другите, присуствуваа и Коен Ленаертс, претседател на Судот на правдата на Европската Унија, Александар Арабаџиев – претседател на Советот и судија во Судот на Европската Унија, претседателот на Сојузниот Уставен суд на Германија, членови на Уставниот суд на Франција, Романија, како и потпретседателката на Европската Комисија, Вера Јурова.

➢ Во периодот од 7 до 10 јуни, делегација на Уставниот суд во состав од претседателот на Судот, Добрила Кацарска, судиите Татјана Васиќ-Бозаџиева и Фатмир Скендер, секретарот на Судот Александар Лазов, шефот на кабинет- советник на Судот, Мирјана Лесевска и советникот на Судот за односи со јавност - портпарол, Христина Беловска, оствари билатерална средба со Уставниот суд на Република Бугарија во рамките на веќе воспоставената соработка со овој суд.

Во рамки на посетата се реализираа работни средби со фокус на дискусија на тема „Пристапот на граѓаните до уставната правда” на кои судиите од двата суда разменија искуства преку практични примери на оваа тема, со цел приближување на уставното судство до граѓаните како концепт на унапредување на граѓанските слободи и права и заштитата на владеењето на правото. Четиридневната посета беше реализирана во Евксиноград и Велико Трново, на покана на Уставниот суд на Република Бугарија, како продолжение на циклусот билатерални средби предвидени во Меморандумот за соработка помеѓу двата суда, потпишан во мај 2022 година. За време на посетата во Бугарија, делегациите од двата суда остварија протоколарна средба со градоначалникот на Велико Трново, Даниел Панов на која присуствуваше и македонската амбасадорка во Бугарија, Агнеза Руси Поповска.

➢ На 31 август 2023 година претседателот на Уставниот суд, Добрила Кацарска, оствари онлајн средба со претставници на германската фондација за правна соработка (ИРЗ) на чело со г. Штефан Пирнер, раководител на проектна област, експерти за уставно право од Сојузна Република Германија и претставници на амбасадата на СР Германија во Република Северна Македонија. На оваа работна средба претставниците на ИРЗ ги презентираа досегашните активности од проектот којшто се спроведува со цел промоција на уставната жалба како средство за заштита на слободите и правата на граѓаните во Република Северна Македонија. Претседателката на Уставниот суд, Добрила Кацарска, го нагласи значењето на целокупната досегашна соработка со фондацијата, а особено сегашниот ангажман во делот на промоција на воведувањето на уставната жалба во Република Северна Македонија. Покрај ова, од нејзина страна беа изнесени ставови и информации по однос на можните идни нормативни решенија кои би го замениле постојниот Деловник на Уставниот суд донесен во 1992 година и како да се уреди постапката за заштита на слободите и правата пред Судот.

- Претседателот на Уставниот суд, Добрила Кацарска  во периодот од 4 до 6 октомври 2023 година учествуваше на Регионална конференција што се одржа со поддршка на германската фондација за правна соработка ИРЗ во Будва, Црна Гора. Во рамките на конференцијата, Кацарска имаше свое обраќање на тема „Улогата на Уставниот суд на Република Северна Македонија во заштитата на приватната сфера на граѓаните" при што ја нагласи нужноста од воведувањето на уставната тужба и теоретски и преку конкретен пример со масовното прислушување.

Претседателот на Судот оствари и засебни средби со делегациите од другите земји на кои се споделија искуствата од практицирањето на уставната тужба/жалба во различните уставни судови.

Меѓу останатите учесници на конференцијата, присутни беа: Штефан Пирнер, раководител на одделението на ИРЗ, д-р Удо Штајнер, поранешен судија од Сојузниот Уставен суд на СР Германија, како и претставници од уставните судови на Србија, Црна Гора, Босна и Херцеговина.

- Во периодот од 23 до 25 октомври 2023 година делегација на Уставниот суд во состав од судиите д-р Осман Кадриу и Насер Ајдари учествуваше на Регионална конференција по повод одбележувањето на 14-годишнината од основањето на Уставниот суд на Република Косово што се одржа во Приштина. Регионалната конференција беше со фокус на придонесот на уставните судови за заштита и зајакнување на основните вредности на демократијата, владеењето на правото и основните човекови права и слободи, а судијата д-р Осман Кадриу имаше свое обраќање на тема "Владеење на правото и демократијата".

На овој настан присуствуваа претставници на уставните судови на Австрија, Белгија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Врховниот суд на Естонија, Уставниот совет на Франција, Врховен суд на Холандија итн. На свеченоста на 14-та судиска година учествува и претставници на Венецијанската комисија и на Европскиот суд за човекови права.

- На 27 октомври 2023 година, делегација од Уставниот суд во состав од претседателот на Судот, Добрила Кацарска, судијата Елизабета Дуковска, секретарот на Судот, Александар Лазов и портпаролот Христина Беловска учествуваа на основачкиот состанок на Балкански форум на уставни судови што се одржа во Софија, Бугарија.

Претседателот на Уставниот суд на Република Северна Македонија, Добрила Кацарска, во име на Судот потпиша Меморандум за разбирање и основање на Балкански форум на уставни судови заедно со претседателите на уставните судови на Бугарија, Албанија, Црна Гора, Косово и Турција. По потпишувањето  на Меморандумот беше отворен првиот годишен состанок на Балканскиот уставен форум и покрај судовите-потписници, присуствуваа претставници од уставните судови на Босна и Херцеговина, Грција, Романија и Хрватска. Се одржа и првата заедничка конференција на која учесниците ги споделија искуствата од своите држави и устави за пристапот на граѓаните до уставната правда. Овој настан беше со поддршка и присуство на претседателот на Судот на правдата на Европската унија Коен Ленартс, потпретседателот на Европскиот суд за човекови права,Марко Бошњак и потпретседателот на Европската комисија Вера Јурова.

- Во периодот од 15 до 17 ноември 2023 година, претседателот на Уставниот суд, Добрила Кацарска, учествуваше на Регионална конференција по повод 60 години уставно судство на Република Србија што се одржа во Белград. Претседателот на Судот во своето излагање на тема „Улогата на Уставниот суд на Република Северна Македонија во примената на Европската конвенција за заштита на човековите слободи и права“ посочи на улогата на Судот во примената на Европската конвенција за човекови права.

- Во периодот од 27 до 28 ноември 2023 година, претседателот на Уставниот суд, Добрила Кацарска со претставници на Институтот за човекови права оствари работна средба со претседателот на Уставниот суд на Република Словенија д-р Матеј Ацето и судиите д-р Шпелца Межнар и д-р Катја Шубман Стагс, што се одржа во Љубљана, Словенија. На оваа средба делегациите разменија искуства за остварување на човековите права и слободи пред Уставниот суд со акцент на влијанието на уставната жалба во подигнување на нивото на нивната заштита. Оваа посета беше организирана од страна на Институтот за човекови права кој беше претставуван од Маргарита Цаца Николовска, поранешен судија во Европскиот суд за човекови права во Стразбур и меѓународен судија во Судот во Босна и Херцеговина, поранешниот уставен судија Игор Спировски како и учество на стручен кадар од ИЧП.

*************

Во рамките на меѓународната соработка и во текот на 2023 година континуирано се остваруваше соработката со Венецијанската комисија на Советот на Европа, преку доставување на позначајните одлуки и решенија на Уставниот суд заради нивно објавување во Билтенот на Венецијанската комисија, како и размената на информации за законодавството и уставно-судската практика со другите уставни судови во Европа и пошироко.

## VII. ДРУГИ АКТИВНОСТИ НА СУДОТ - СОРАБОТКА СО ДРУГИ ДРЖАВНИ ОРГАНИ, УСТАНОВИ И ОРГАНИЗАЦИИ

Уставниот суд практикува добри односи со други институции и организации и во таа насока се остваруваат работни средби на кои се дискутира за конкретни ситуации, проблеми или активности.

Претседателот на Уставниот суд, Добрила Кацарска и судиите на Уставниот суд присуствуваа на одбележување на значајни настани и свечености по покана на официјални претставници на домашни и меѓународни институции.

- На 27 јануари 2023 година, претседателот на Уставниот суд Добрила Кацарска, оствари работна средба со претседателот на Здружението на судиите, Џемали Саити, на која се дискутираше на повеќе теми во насока на формализирање на можните облици на соработка кои ќе бидат основа за размена на искуства за унапредување на транспарентноста, преку која се воспоставува пракса на презентирање на точни и вистинити информации во јавноста, што е нужен елемент за градењето на перцепцијата за владеењето на правото. Добрила Кацарска истакна дека Уставниот суд презема активности кои ја зголемуваат транспарентноста и во

последниот период е зголемено нивото на соработка со медиумите, советникот за односи со јавноста на Судот има континуирана комуникација со новинарите, редовно се одржуваат брифинзи, прес-конференции и изјави за актуелни предмети.

- Судиите на Уставниот суд, д-р Осман Кадриу и м-р Татјана Васиќ-Бозаџиева и советниците на Судот: д-р Сања Гелевска-Трајчевски, Енсар Јусуфи и Мартин Трајановски во периодот 9-10 март 2023, учествуваа на Работилница за унапредување на човековите слободи и права по европски стандарди, организирана преку Уставниот суд на Република Косово и Советот на Европа, во рамки на проектот „Поддршка на Уставниот суд на Косово во примената и ширењето на европските стандарди за човекови права“ што се одржа во Охрид. На оваа дводневна тематска работилница беа споделени искуства и примери од Европската конвенција за човекови права, како и сопственичките права за европските човекови стандарди, а како предавачи на оваа работилница, беа г-ѓа Мирјана Лазарова Трајковска, г. Бурак Гемалаз и г-ѓа Ана Вилфан Восперник.

- На 17 мај 2023 година, претседателот на Уставниот суд, Добрила Кацарска и судиите на Уставниот суд, во просториите на Судот, остварија средба со г. Рајнер Вилант, потпретседател на Европскиот парламент и член на Комитетот за уставни прашања на Европскиот парламент. На средбата се дискутираше за актуелните предизвици, како што е неизбирањето на уште двајца уставни судии од страна на Собранието, начинот на работа во Уставниот суд од почетната фаза на поднесување иницијативи и барања, до изнесување на предметите на седници за дискусија и гласање. Беше истакната и потребата од воведување уставна тужба која ќе ги зголеми можностите на граѓаните за секое право предвидено со Уставот, да побараат заштита од Уставниот суд.

- Претседателот на Уставниот суд, Добрила Кацарска, на 13 јуни 2023 година на покана на претседателот на Собранието, г. Талат Џафери, учествуваше на 118. седница на Собранието на Република Северна Македонија на која имаше обраќање претседателот на Република Словенија, Н.Е. Наташа Пирц Мусар.

- Претседателот на Уставниот суд, Добрила Кацарска, на 6 јули 2023 година на покана на амбасадорот на САД во Скопје, Н.Е. Анџела Прајс Агелер, присуствуваше на прославата по повод одбележувањето на Денот на независноста на САД што се одржа во Амбасадата на САД во Скопје.

- Претседателот на Уставниот суд, Добрила Кацарска, на 26 јули 2023 година, присуствуваше на 121. седница на Собранието на Република Северна Македонија одржана по повод одбележувањето на 60-години од катастрофалниот земјотрес што го погоди Скопје на 26.07.1963 година.

- На 2 Август 2023 година на покана на Владата на Република Северна Македонија, претседателката на Уставниот суд, Добрила Кацарска, учествуваше во чествувањето на Денот на Републиката – Илинден што се одржа на Скопското кале пред Споменикот на слободата „Сила, слава и победа” и положи цвеќе во име на Уставниот суд.

➢ Претседателт на Уставниот суд, Добрила Кацарска, на 7 септември 2023 година на покана на Владата на Република Северна Македонија, присуствуваше на свеченоста по повод одбележувањето на Денот на независноста што се одржа во Македонската филхармонија.

➢ На 11 октомври 2023 година, претседателот на Уставниот суд, Добрила Кацарска, положи свежо цвеќе на Спомен-костурницата во Куманово, по повод Денот на народното востание на македонскиот народ – 11 октомври.

➢ Претседателот на Уставниот суд, Добрила Кацарска на 19 октомври 2023 година оствари работна средба со тим составен од шестмина експерти, за спроведување на ИПА 3 проектот кој се однесува на развивање на капацитетите на Уставниот суд за пристап до уставноста и законитоста и донесување на нормативни акти и заштита на основните права. На средбата, претседателот на Судот информираше за досега преземените активности, донесената Програма на Судот, стратегијата за развивање на капацитети, капиталните проекти и инвестиции кои се реализирани. Претставниците од експертската група беа информирани за досега спроведените, тековните и идните активности кои се во насока на зајакнување на транспарентноста, отвореноста и достапноста на Судот за јавноста.

➢ На покана на амбасадорот на Кралството Холандија во Република Северна Македонија, Н.Е. г. Дирк Јан Коп, претседателот на Уставниот суд, Добрила Кацарска, учествуваше на приемот што се одржа во Холандската амбасада во Скопје.

➢ На 21 и 22 ноември 2023 година, Уставниот суд беше домаќин на Регионалната конференција на тема „Уставна жалба во Република Северна Македонија – придобивки и потреба од воведување“. На оваа конференција што Судот ја организираше со поддршка на германската фондација ИРЗ се промовираше важноста од воведување на уставната жалба во Република Северна Македонија и беа ангажирани експерти за изработка на студија за уставна жалба во Република Северна Македонија. На конференцијата, покрај претседателот на Судот, Добрила Кацарска, присуствуваа и сите судии: Насер Ајдари, д-р Осман Кадриу, д-р Дарко Костадиновски, м-р Татјана Васиќ Бозаџиева, м-р Фатмир Скендер и Елизабета Дуковска.

Претседателот на Уставниот суд, Добрила Кацарска зборуваше за идејата за воведување на уставна жалба и активностите кои Судот ги презема во текот на изминатите две години со цел известување на јавноста и политичките чинители. Како говорници на оваа конференција, беа и претседателот на Уставниот суд на Република Северна Македонија, Н.Е Стево Пендаровски, Н.Е. г-ѓа Петра Дрекслер, амбасадор на Сојузна Република Германија во Република Северна Македонија, министерот за правда, Кренар Лога, раководителот на проектната област Југоисточна Европа-ИРЗ, Штефан Пирнер, потпретседателот на Уставниот суд на Босна и Херцеговина, Мирсад Ќеман, претседателот на Уставниот суд на Република Србија, г-ѓа Снежана Марковиќ, судијата на Уставниот суд на Црна Гора, г-ѓа Десанка Лопичиќ и поранешниот претседател на Покраинскиот уставен суд на Саксонија-Анхалт и на Вишиот покраински суд Наумбург, г. Винфрид Шуберт.

➢ На 6 декември 2023 година, претседателот на Уставниот суд, Добрила Кацарска, на покана на шефот на Мисијата на ОБСЕ во Скопје, амбасадорот Килиан Вал, учествуваше на Годишниот прием организиран од ОБСЕ.

➢ На 6 декември 2023 година, претседателот на Уставниот суд, Добрила Кацарска на покана на амбасадорот на Република Франција во Република Северна Македонија, Н.Е. Сирил Бомгартнер, присуствуваше на свеченоста што се одржа во Музејот на современата уметност по повод 30-годишнината од воспоставувањето на дипломатските односи меѓу Република Македонија и Францускaта Република.

➢ На 7 декември 2023 година, претседателот на Уставниот суд, Добрила Кацарска, оствари работна средба со амбасадорот Н.Е. Килијан Вал, шеф на Мисијата на ОБСЕ во Скопје. На работната средба, која се одржа во просториите на Судот, присуствуваа и секретарот на Судот, Александар Лазов и портпаролот на Судот, Христина Беловска. На состанокот се разговараше за состојбата во Уставниот суд од аспект на недостатокот на уште двајца судии, ресурсите со кои работи и располага Судот и важноста за остварување негова финансиска самостојност, за надлежностите на Уставниот суд при одлучувањето за човековите слободи и права при што г-ѓа Кацарска ги презентираше сите активности кои ги презеде изминатиот период за подигнување на свеста за воведување на уставната жалба и нејзиното значење за граѓаните, како и барањето на поддршка за воведување на овој инструмент.

➢ На 8 декември 2023 година, претседателот на Уставниот суд, Добрила Кацарска, секретарот на Судот, Александар Лазов и портпаролот на Судот, Христина Беловска, во просториите на Уставниот суд остварија работна средба со претставници од Австриската амбасада предводена од Амбасадорот Н.Е. Мартин Памер и Георг Става, специјалист за судски реформи и владеење на правото во ЈИЕ при Австриската амбасада во Белград. На средбата се разговараше за состојбата со владеењето на правото и политиката на имплементирање на законите во Република Северна Македонија, со акцент на почитување на слободите и правата на граѓаните. На средбата покрај амбасадорот присуствуваа аташе Манфред Јурчевиќ и Јасна Стојковска од Канцеларијата на полициското аташе при Австриската амбасада во Скопје.

➢ Претседателот на Уставниот суд, Добрила Кацарска и судиите д-р Осман Кадриу и м-р Татјана Васиќ Бозаџиева на 11 декември 2023 година, учествуваа на дебата организирана за заштитата на човековите права и слободи пред Уставниот суд од страна на Институтот за човекови права. Добрила Кацарска имаше обраќање на темата „Потреба од имплементација на уставна жалба во Република Северна Македонија" и во оваа прилика ја изрази потребата од поддршка за проширување на надлежностите на Уставниот суд во заштита на слободите и правата. На дебатата, покрај судиите на Уставниот суд, присуствуваа и експерти од Германија, од делегација на ЕУ ангажирани за проектот ИПА, професорите од Правниот факултет „Јустинијан Први" при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" Скопје, Александар Спасов и Ана Чупевска, кои презентираа

документ за јавни политики во кој е нагласена потребата од воведување уставна тужба.

- На 19 декември 2023 година, претседателот на Уставниот суд, Добрила Кацарска, присуствуваше на годишното обраќање на претседателот на Република Северна Македонија, Н.Е. Стево Пендаровски во Собранието на Република Северна Македонија.

***************

Уставниот суд на Република Северна Македонија е долгогодишен полноправен член на Конференцијата на европски уставни судови, Светската конференција за уставна правда, а по прекин од неколку години од март 2021 година повторно е член и на Асоцијацијата на уставни судови од франкофонијата и во оваа, 2023 година, и покрај финансиските потешкотии, ги има подмирено сите долгови за членарина во наведените институции.

## VIII. ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТАТА НА СУДОТ И СТРУЧНА СЛУЖБА

1. Покрај Програмата и распоредот за работа на Уставниот суд за 2023 година, во текот на 2023 година беа донесени следниве акти:

- На 27 јуни 2023 година:

- Правилник за определување на обврските и одговорностите на администраторот на информатичкиот систем и на овластените лица при пристапувањето до документите и информатичко-комуникациската опрема во Уставниот суд на Република Северна Македонија. Со овој правилник се пропишуваат обврските и одговорностите на администраторот на информатичкиот систем и на овластените лица при пристапувањето до документите и информатичко-комуникациската опрема, што Уставниот суд на Република Северна Македонија во својство на контролор ги применува за тајност и заштита на обработката на личните податоци.

- Правилник за превенирање, реакција и санирање на инциденти во Уставниот суд на Република Северна Македонија со кој се определува начинот на управување со инциденти во Уставниот суд на Република Северна Македонија коишто ја нарушуваат доверливоста, интегритетот или достапноста на личните податоци.

- Правилник за начинот на правење и чување на сигурносна копија и повторно враќање на зачуваните лични податоци во Уставниот суд на Република Северна Македонија, со кој се пропишува начинот на правење и чување на сигурносна копија и повторно враќање во сигурносната копија на зачуваните податоци кои се обработуваат во Уставниот суд на Република Северна Македонија во својство на контролор.

- Правилник за начинот на уништување на документите, како и начинот на уништување, бришење и чистење на медиумот во Уставниот суд на Република Северна Македонија, со кој се пропишува начинот на уништување на документите, како и начинот на уништување, бришење и чистење на медиумот што се користи за обработување на личните податоци од страна на Уставниот суд на Република Северна Македонија.

- На 18 јули 2023 година беа донесени:

- Правилник за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност, заштита и безбедност на обработката на личните податоци, со кој се пропишуваат техничките и организациските мерки што ги применува Уставниот суд на Република Северна Македонија заради обезбедување тајност, заштита и безбедност на личните податоци со кои располага и ги обработува Судот.

- План за создавање на систем технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци во Уставниот суд на Република Северна Македонија, со кој се предвидува создавање на соодветен систем за технички и организациски мерки на Уставниот суд на Република Северна Македонија којшто во својство на контролор ги применува за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци и за оценка на нивната адекватност со видот и обемот на работните процеси што ги врши Судот.

2. Во текот на 2023 година, Уставниот суд објави еден јавен оглас за вработување на неопределено време во Стручната служба на Уставниот суд согласно со Правилникот за вработување и унапредување во Стручната служба на Уставниот суд на Република Северна Македонија и еден интерен оглас за унапредување во Стручната служба.

По спроведената постапка по јавниот оглас објавен на 12 април 2023 година и на 19 мај 2023 година, беше избран еден извршител за работното место самостоен советник – преведувач од македонски на албански јазик и од албански на македонски јазик.

На интерниот оглас, објавен на 17 март 2023 година, беа унапредени двајца вработени со звање советник и административен работник во звање самостоен советник.

Заклучно со 31 декември 2023 година, Стручната служба во Уставниот суд, брои вкупно 45 вработени, од кои:

- секретар на Судот
- 16 советници на Судот од кои: 11 (единаесет) советници на Судот за стручно-аналитичка работа, 2 (двајца) се советници на Судот за меѓународно-правни прашања и соработка, 1 (еден) советник на Судот – шеф на кабинетот на претседателот на Судот, 1 (еден) советник на Судот – портпарол и 1 (еден) советник на Судот за информатички технологии;
- 8 самостојни советници, од кои: 3 (тројца) за стручно-аналитички работи, 3 (тројца) преведувачи, 1 (еден) лектор и 1(еден) координатор на Одделението за финансиски прашања;
- 3 советници од кои: 1 (еден) советник за протоколарни работи, 1 (еден) советник за евиденција, документација и уставно-судска практика и 1 (еден) советник за финансиски прашања и јавни набавки;
- 1 (еден) стручен соработник за правни прашања;
- 10 (десет) административни работници;
- 6 (шест) технички работници.

Од аспект на почитување на темелната вредност на уставниот поредок за соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници во органите на државната власт и другите институции на сите нивоа, во Уставниот суд од вкупниот број на вработени, 36 (80 %) се Македонци и 9 (20 %) се припадници на заедниците што не се мнозинство во Република Северна Македонија, и тоа: 6 (шест) Албанци (13,33 %), 2 (двајца) (4,44 %) Турци и еден Бошњак (2,2 %).

* * *

Во текот на 2023 година со цел зајакнување на капацитетите и вештините на стручната служба на Судот, особено во делот на заштитата на слободите и правата, беа спроведени една студиска посета и една работилница.

- Во периодот од 24 до 26 мај 2023 година петчлена делегација на Уставниот суд на Република Северна Македонија во состав од советниците на Судот: Магдалена Паункова-Спасова, Татјана Јањиќ-Тодорова, Јасмина Симоновска, Сузана Фетаи-Цана и Ненад Миноски учествуваа на студиска посета во Уставниот суд на Република Хрватска со цел запознавање и размена на најдобрите искуства од уставно-судската пракса на хрватскиот Уставен суд. Во текот на студиската посета реализирана преку Инструментот на Европската комисија TAIEX (ТАЕКС: Инструмент за техничка помош и размена на информации), беше организирана работилница со фокус на запознавање со хрватскиот модел на уставна жалба, од основни информации поврзани со правната рамка, до имплементација и практични аспекти на примена во случаи на дискриминација, повреда на човековите права и слободи. Меѓу темите на дискусија беа и уставните одлуки и нивните ефекти врз одлуките од судството и беа споделени примери од судската пракса на Европскиот суд за човекови права. Во рамки на посетата советниците остварија средба и со амбасадорот на Република Северна Македонија во Република Хрватска, проф. д-р Милаим Фетаи и се запознаа со работењето и активностите на амбасадата.

- Во периодот од 10 до 11 јули 2023 година, со поддршка на Мисијата на ОБСЕ во Скопје, со цел зајакнување на вештините на стручната служба преку практични примери од областа на човековите слободи и права, во Уставниот суд се одржа работилница за стручната служба во Уставниот суд на тема „Забраната за дискриминација во судската пракса на Европскиот суд за човекови права". Во рамки на обуката беа разработени формите и основите на дискриминација, опсегот на употреба на член 14 и член 1 од Протоколот бр.12 од ЕКЧП и беа спроведени вежби за препознавање на различен третман, недостаток на објективно и оправдано оправдување, товар на докажување во случаи на дискриминација, говор на омраза и беа разработени конкретни примери против Северна Македонија во изминатите години. Обуките ги спроведоа Ана Медарска-Лазова и Христијан Конески, адвокати, ангажирани во Секретаријатот на Европскиот суд за човекови права.

## IX. МАТЕРИЈАЛНИ УСЛОВИ ЗА РАБОТА

Со Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.282/2022) за функционирање на Судот беа предвидени средства во висина од 61.068.000,00 денари, кои со одлуки за прераспределба на средства помеѓу буџетските корисници на централната власт и помеѓу фондовите („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 207/2023 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.264/2023) за 2023 година беа намалени и изнесуваа вкупно 57.923.000,00 денари. Реализацијата на вкупно одобрениот буџет за 2023 година на Уставниот суд на Република Северна Македонија изнесува 96,6%.

Во текот на 2023 година, поради неопходност од уреди за работа на вработените беа набавени 10 телефонски апарати, еден персонален десктоп компјутер и два скенери.

Во декември 2023 година, Уставниот суд доби донација од 10 компјутери и 10 печатачи од Турската агенција за соработка и координација (ТИКА).

**Уставен суд на Република Северна Македонија**

**кеј „Димитар Влахов“ бр.19**

**1000 Скопје**

**тел.  +389 2 3163 063, претседател**

**тел. + 389 2 3165 153, секретар**

**факс +389 2 3119 355**

**е-пошта:** mail@ustavensud.mk

**Интернет страна на Судот:** www.ustavensud.mk

**Редакција:**

Добрила Кацарска, претседател

Насер Ајдари, судија

м-р Татјана Васиќ Бозаџиева, судија

д-р Јадранка Дабовиќ – Анастасовска, судија

Елизабета Дуковска, судија

д-р Осман Кадриу, судија

д-р Дарко Костадиновски, судија

д-р Ана Павловска – Данева, судија

м-р Фатмир Скендер, судија

Александар Лазов, секретар

Христина Беловска, советник на Судот за односи со јавноста - портпарол

**Стручна подготовка и статистичка обработка на податоци:**

Христина Беловска, советник на Судот за односи со јавноста - портпарол

м-р Лариса Милевска, советник

Јаготка Гијовска, административен работник